Прилог 1 - Образец за Извештај од самоевалуација

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј Димитар Влахов 4,
II-Кат Стара Комерцијална Банка
1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| Назив | Економски институт-Скопје |
| Седиште | ул. Пролет бр.1 |
| Контакт информации | Телефон: +389 2 5220-100<br>Телефон: +389 2 3115-076<br>Е-маил: eis@ek-inst.ukim.edu.mk |
| Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации) | проф.д-р Зоран Јаневски<br>Е-маил: zoran.janevski@ek-inst.ukim.edu.mk |
| Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации) | |
| Основ за надворешната евалуација | ☐ Годишен план<br>☐ Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| Период за кој се однесува извештајот | 2023/2024 |
| Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум) | Одлука за формирање на комисија бр. 02-1013/3 од 29.10.2021<br>Одлука за промена на член на комисија бр. 02-1303/1 од 28.12.2022<br>одлука за промена на членови од редот на студенти бр.02-887/1 од 27.9.2023<br>одлука за промена на член на комисија бр.02-547/1 од 31.5.2024 |
| Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација? | ДА/НЕ |

Место, датум МП овластено лице на установата (потпис)

## Упатство за пополнување

Сите делови од Извештајот треба да бидат пополнети точно и во овој образец. Установата ги пополнува содржините означени во бела боја во долунаведените табели. За точноста на информациите одговорност сноси одговорното лице на установата.

Извештајот се доставува **на англиски јазик.** Установата може да поднесе и дополнителна верзија на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

За пополнување на пријавата се користи фонт Arial Narrow, големина 10, без закосување (italic) или подвлекување (underline), со единичен (single) проред.

Објаснувањето за исполнетоста на индикаторите за стандардите за квалитет **не треба да биде подолго од една страница** по индикатор во овој образец.

За сите индикатори се прикажуваат информации, акти и други релевантни информации за последните **пет години.** Во стандардите 2, 3, 5 и 6 се оценува исполнетоста на индикаторите **за секоја студиска програма** акредитирана на високообразовната установа.

Извештајот и документацијата се доставуваат во електронска форма и во печатена форма во 2 примероци. **За доставувањето во електронска форма, корисно е сите пропратни документи да бидат зачувани во еден фолдер и поврзани со линкови со овој образец. Прилозите односно документацијата за секој индикатор во овој извештај се поврзуваат со линк до конкретниот документ (Word, PDF и сл.). Фолдерот со документите и овој извештај се доставува до Одборот за евалуација.** *Пример за објаснување на исполнетост на индикатор и линкови до прилози е наведен на крајот на овој образец (Пример 2).*

Именувањето на документите се врши на следниов начин: Прилог_број на индикатор_објаснување на документот (на пример, Прилог 1.2. Прашалник од спроведени евалуации).

Доколку за еден индикатор се прикачуваат повеќе документи, се применува истото правило со додавање на буква по абецеден редослед за секој дополнителен документ (на пример, Прилог. 1.2.А. Прашалник од спроведени евалуации). Именувањето се користи и во имињата на документите во фолдерот и на прилозите/линковите наведени во овој документ.

При доставувањето на прилозите, установата истите ги зачувува во формат кој овозможува **едноставно користење на опциите за пребарување**. По исклучок, во прилозите може да се доставуваат и скенирани документи само доколку истото е неопходно.

По потреба, покрај доставената документација, исполнетоста на наведените индикатори се проверува за време на посетата на високообразовната установа.

Изјавата за точност и вистинитост на податоците прикажани во Извештајот од самоевалуација се заверува на нотар (пример 1).

# 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ<br>(ги пополнува високообразовната установа) | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Економски институт-Скопје |
| Седиште | ул. Пролет бр.1 |
| Веб страница | https://ek-inst.ukim.edu.mk/ |
| Мисија и визија на установата | Визија: Визијата на Институтот е да остане една од најзначајните институции во доменот на економските истражувањаи со исполнување на акедемските стандарди да се доближи до економските институти во регионот и Европа и да едуцира магистри и доктори на науки од соодветните области, кои ќе бидат лидери во економскиот, научниот и општествениот живот во земјата и пошироко.<br><br>Мисија: во време кога свесноста во државата за значењето на научноистражувачката дејност во функција на поттикнување на економскиот раст е незадоволителна и кога издвојувањето средства од страна на јавниот и на приватниот сектор за научноистражувачки проекти и активности е минорно, мисијата на Институтот е да биде една од водечките институции во земјата во доменот на високото образование и во истражувањата, да ги идентификува проблемите и потребите на општеството, поврзани со економските активности во услови на ограничени ресурси и да изнаоѓа научни и методолошки знаења и решенија во доменот на мироекономијата и макроекономијата. |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Вид: јавна установа.<br>Матичен број: 6462758<br>Шифра на дејност: 72.20 Истражување и експериментален развој во општествените и хуманитарните науки. |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | Акредитација на установата:<br><br>Студиски програми на втор циклус на студии<br>- Решение за акредитација на студиската програма Финансиски менаџмент (4+1) од Агенијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, бр. 08-1100/7 од 9.5.2023 година –линк<br>- Решение за акредитација на студиската програма Финансиски менаџмент (3+2) од Агенијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, бр. 08-1101/7 од 9.5.2023 година – линк<br>- Решение за акредитација на студиската програма Менаџерска екномија (4+1) од Агенијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, бр. 08-31/6 од 6.6.2022 година - линк<br>- Решение за акредитација на студиската програма Менаџерска екномија (3+2) од Агенијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, бр. 08-65/7 од 17,2.2021 година - линк<br>- Решение за акредитација на студиската програма Меѓународен менаџмент (4+1) од Агенијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, бр. 08-1106/7 од 22.5.2023 година - линк<br>- Решение за акредитација на студиската програма |

| | |
|---|---|
| | Меѓународен менаџмент (3+2) од Агенијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, бр. 08-1107/7 од 22.5.2023 година - линк<br>- Решение за акредитација на студиската програма Претприемништво (4+1) од Агенијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, бр. 08-1104/6 од 21.3.2023 година -линк<br>- Решение за акредитација на студиската програма Претприемништво (3+2) од Агенијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, бр. 08-1105/6 од 21.3.2023 година - линк<br>- Решение за акредитација на студиската програма Агробизнис (4+1) од Агенијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, бр. 08-1098/6 од 9.5.2023 година - линк<br>- Решение за акредитација на студиската програма Агробизнис (3+2) од Агенијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, бр. 08-1099/6 од 9.5.2023 година -линк<br>- Решение за акредитација на студиската програма Бизнис менаџмент (4+1) од Агенијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, бр. 08-1110/7 од 9.5.2023 година -линк<br>- Решение за акредитација на студиската програма Бизнис менаџмент (3+2) од Агенијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, бр. 08-1111/7 од 9.5.2023 година - линк<br>- Решение за акредитација на студиската програма Логистика на бизнисот (4+1) од Агенијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, бр. 08-1102/7 од 27.7.2023 година - линк<br>- Решение за акредитација на студиската програма Логистика на бизнисот (3+2) од Агенијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, бр. 08-1103/7 од 25.7.2023 година - линк<br>- Решение за акредитација на студиската програма Меѓународна економија (4+1) од Агенијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, бр. 08-1108/7 од 25.7.2023 година - линк<br>- Решение за акредитација на студиската програма Меѓународна економија (3+2) од Агенијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, бр. 08-1108/7 од 25.7.2023 година - линк<br><br>Студиски програми на трет циклус на студии<br><br>- Решение за акредитација на студиската програма · Економски науки, бр. на решение 08-142/4 од 09.07.2021;<br>- Решение за акредитација на студиската програма · Организациски науки и управување (менаџмент), бр. на решение 08-287/5 од 18.08.2021;<br>Линк до документација |
| Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна | Број на наставно - научен кадар (јуни 2024 година): 19,<br>- 15 редовни професори,<br>- 1 вонреден професор, |

| | |
|---|---|
| дејност | - 1 доцент и<br>- 2 соработници (асистенти). |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | Број на активни студенти во последната академска 2023/24 година:<br>- Втор циклус на студии, 26<br>- Трет циклус на студии, 5 |
| Објаснете го накратко развојот на вашата установа (не подолго од 1 страница) | Економскиот институт е основан од Владата на Народна Република Македонија, со уредба број 704 од 30 јуни 1952 година, како самостојна научно-истражувачка институција при Стопанскиот совет на Владата. Врз основа на одлуката на Советот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" од Скопје, од први јануари 1966 година, Економскиот институт има статус на самостојна научно-истражувачка установа.<br>Во кус период од 1976 до 1977 година е извршено организациско преструктуирање на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, при што Економскиот институт-Скопје се интегрира со Еконмскиот факултет – Скопје и со Економскиот факултет – Прилеп во една работна единица, како Факултет за економски науки во состав на сложената ОЗТ Универзитетски центар за општествени науки – Скопје. Во периодот што следува, Економскиот институт-Скопје како јавна научна установа и членка на УКИМ се занимава со научноистражувачка и образовна дејност.<br>Со процесот на интеграција и статутот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, усвоен во декември 2008 година, Економски институт станува единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и учествува во сите работни и раководни тела. Институтот има свои претставници во бројни универзитетски комисии, во Универзитетскиот сенат и во Ректорската управа. |
| Кои се вашите клучни институционални капацитети? (не подолго од 1 страница) | - Теоретски и методолошки квалификуван наставно-научен кадар, со добра теоретска подготвеност и практика за конципирање и реализација на научни проекти и истражувања;<br>- Наставно-научниот кадар на институтот континуирано го следи развојот на научната мисла од соодветните области и ја имплементира во образовниот процес, постојано е достапен за консултации со студентите и е високо оценет на студентските анкети;<br>- Наставата е добро организирана со континуирано оценување на знаењето и ангажирање на студентите;<br>- Студиските програми на двата циклуси се современи, диверзифицирани и компатабилни со програмите од реномирани светски универзитети;<br>- Плодна и богата издавачка дејност; |
| Во кои области/прашања/стандарди/индикатори вашата установа постигна најголем напредок во последните пет години? (не подолго од 1 страница) | Во однос на стандард 1: Институционални политики за обезбедување квалитет<br>- Востановена е нова структура за обезбедување на квалитет на Институтот односно формиран е Совет за квалитет чија основна цел е континуирано следење, преиспитување и унапредување на поставените цели во рамките на политката за квалитет. (1.4)<br><br>Во однос на стандардот 5: Наставен кадар |

| | |
|---|---|
| | - Како резултат на ангажирањето на проф. д-р Мустафа Озер, редовен професор на Универзитетот Анадолу, FEAS, Оддел за Економија, Ескишекир, Турција, во академската 2022/2023 година како визитинг професор на одредени предмети на различни студиски програми на вториот циклус на студии оваа учебна година (2023/24), во Охрид Економскиот институ-Скопје организираше и успешно реализира меѓународна летна школа за економетрија.(5.7)<br><br>- Наставно-научниот кадар на институтот во извештајниот период бележи плодна научноистражувачка работа, учество на проекти и солидна оценка од студентските анкети. (5,2)<br><br>Во однос на стандард 6: Ресурси за учење и поддршка на студентите:<br>- Институтот преку реализација на научноистражувачки проект обезбеди поголем број на преносни компјутери за реализација на Меѓународната летна школа по економетрија, но пред сѐ за студентите за наставата на втор и трет циклус на студии, библиотека со простор за учење и истражување и соодветна инфраструктура за учење на далечина.<br><br>Во однос на стандард 8: Информирање на јавноста<br>- Економски институт-Скопје редовно објавува точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни податоци и информации за сите свои актвности на интернет страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми). |
| Кои се вашите најголеми предизвици и недостатоци? (не подолго од 1 страница) | Предизвици:<br>- Недоволната финансиска поддршка на државата за сегментот на науката, отсуството на средства за фундаментални научноистражувачки проекти, како и недоволното признавање и примена на научноистражувачката работа го попречува оптималното работење на институтот.<br>- Нелојална конкуренција на пазарот на втор и трет циклус на студии;<br>- Отсуство на алтернативни можности за финансирање на студирањето на втор и трет циклус на студии;<br>- Лоша економска состојба на бизнисите за потенцијална соработка;<br>- Исклучително загрижувачки демографски трендови.<br><br>Недостатоци:<br>- Низок степен на искористеност на постојните меморандуми за соработка за апликација и реализација на проекти, истражувања, студии и поинтензивна мобилност на вработени и студенти.<br><br>- Намален интерес за упис на студентите на вториот циклус на студии во евалуираниот период; |

| | |
|---|---|
| | - Отсуство на индивидуална вклученост на студентите во тековните проекти;<br>- Недоволна соработка со бизнис заедницата, владините институции и невладиниот сектор, во поглед на научноистражувачката и наставната активност;<br>- И покрај новоВработените соработници, бројот на истите е недоволен. |

## 2. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

## Стандард 1

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 1.1. Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет;<br>Линк до објава на веб страна. |
| Економскиот институт-Скопје ја регулира својата политика за обезбедување на квалитет согласно актите за обезбедување на квалитет на Универзитетот Св Кирил и Методиј во Скопје, односно Правилникот за обезбедување на квалитет на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.674/2024), Стратегија за обезбедување на квалитет на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје (2024-2029), Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје и неговите единици (Универзитетски гласник бр.674/2024), Закон за високо образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021), Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 153/2022), Статут на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019) и Деловник за работа на Советот за квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Прилог 1.1.).<br>Институтот презема активности наведени во Стратегијата за обезбедување на квалитет на УКИМ во 5 основни стратегиски области (Настава и студенти, Наука, иновации и уметности, Меѓународна соработка, Финансии и развој и Општествената улога и позицијата на УКИМ во општеството) и 3 области за поддршка на процесите (Дигитализација на УКИМ и подготовка за дигитална трансформација, Финансиска, кадровска и функционална автономност и Поддршка на развојот на административниот кадар).<br>Согласно Акциониот план за сите стратегиски области на УКИМ, Институт е во процес на воспоставување на систем за контрола на квалитетот и превземање на мерки за подобрување во сите наведени области. | |
| **Прилози**<br>Прилог 1.1. Регулатива на системот за обезбедување на квалитет на УКИМ - линк | |
| 1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет. |
| Од 2013 година, Институтот редовно спроведува евалуација, односно Комисијата за самоевалуација спроведува анкетни прашалници која ги опфаќа квалитетот на предметите, наставниот кадар, работата на студентските служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. (Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување | |

на квалитетот на единиците на Универзитетот, објавен во „Универзитетски гласник“ бр. 244 на 30 април 2013 година).

Институтот на 84.седница на ННС одржана на 25.10.2023 година донесе Годишен академски календар за втор циклус на студии во кој се предвиде спроведување на анкета за студентите за квалитетот на наставата, наставниот и соработничкиот кадар за секој наставен предмет што го следеле во тек на односниот семестар согласно Упатството од 2013 година. (Одлука бр. 09-1023/1 од 17.10.2023 година – Прилог 1.2.В)

Од академската 2023/24 година, УКИМ воведе широк дијапазон на анкети кои ќе овозможат сеопфатно следење на квалитетот на Универзитетот. Институтот се усогласи и Комисијатра за самоевалуација ги спроведе сите предложени анкетни прашалници во електронска форма преку i-know системот во рокови утврдени од страна на Советот за квалитет на УКИМ. (Прилог 1.2.А)

Анкетата за квалитетот на наставниот и соработничкиот кадар се спроведува за секој предмет одделно на вториот циклус на студии на крајот на учебната година. (Прилог 1.2.Б)

Резултатите од анкетата за квалитетот на наставата за академската 2023/24 година покажа висока просечна оценка за анкетираните предмети, односно од 4.7 до 5. Се заклучува дека Институтот континуирано одржува висока оценка од страна на студентите за квалитетот на наставата, условите и наставниот кадар.

Просечната оценка на наставниот кадар за квалитетот на условите за работа во Економскиот институт е 3.63. Од резултатите и коментарите на вработените дадени во анкетата од наставниот кадар се констатира дека се потребни повеќе обуки за професионален развој финансирани од ЕИС, нова компјутерската (инфраструктура) опрема, нови и унапредени софтвери за научно истражувачката работа.

Анкетата за квалитетот на општите улови за работа на стручно-административниот кадар за учебната 2023/24 година беше пополнета од само еден вработен со просечна оценка 5. Овој податок не овозможува да се добие реална слика за перцепцијата на вработените од административниот кадар за условите за работа.

**Прилози**

Прилог 1.2.А Обрасци за анкета

Прилог 1.2.Б Обработени податоци од анкети

Прилог 1.2.В. Годишен академски календар на ЕИС - линк

| | |
|---|---|
| 1.3. Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. |

Институт врши континуирана едукација на студентите од втор и трет циклус на студии и е посветен на подобрување и осовременување на студиските програми согласно најновите трендови и потребите на општеството и бизнис заедницата.

Во рамките на установата функционира Одбор за соработка и доверба со јавноста кадешто освен 3 члена од редот на наставниот кадар учествуваат и 1 член од приватниот бизинс и 1 член од Стопанската комора на Македонија. (Прилог 1.3.А)

Одборот одржува on-line состаноци на кои дава препораки за наставните програми, предмети и начини на изведување на наставата на втор цилкус на студии на Институтот, поточно пред акредитација/реакредитација дава мислење за студиските програми во насока тие да одговараат на развојните потреби на општеството и економијата во државата.

**Прилози**

Прилог 1.3.А. Одлука за избор на членови во Одбор за доверба и соработка со јавноста Арх.бр. 02-837/2 од 06.11.2020

Прилог 1.3.Б Записник од 15. састанок на Одборот за доверба и соработка, Арх. бр. 02-725/2 од 8.7.2022

Прилог 1.3.В Записник од 16. састанок на Одборот за доверба и соработка, Арх. бр. 02-725/3 од 8.7.2022

| | |
|---|---|
| 1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |

За развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет функционираат две тела:

- Комисија за самоевалуација на Економски институт-Скопје и
- Совет за квалитет на Економски институт-Скопје

Со цел да се направи проценка на квалитетот на работење на Институтот, Научниот совет на Економски институт донесе Одлука за формирање на Комисија за самоевалуација во состав

- Проф.д-р Катерина Хаџи Наумова-Михајловска, претседател
- Проф.д-р Марија Таковска, член
- Проф.д-р Климентина Попоска, член
- Проф.д-р Ирина Мајовски, член
- Проф.д-р Верица Јаневска, член
- Анета Георгиевска, студент
- Теа Јосимовска, студент

Согласно членот 358 од Статутот на УКИМ мандатот на членовите од редот на студентите е една година, а од редот на наставниот кадар е три години. Така, со Одлука бр. 02-971/1 од 29.9.2022 година наместо Анета Георгиевска определена е Ирена Десовска, а наместо Теа Јосимовска определена е Емилија Саздовска. Следствено, наредната учебна година, со Одлука бр. 02-887/1 од 27.9.2023 година наместо Ирена Десовска определена е Цветанка Стефановска, а наместо Емилија Саздовска определена е Тамара Величковска.

Научниот совет изврши промена на членовите од редот на професорите и тоа, наместо Проф.д-р Марија Таковска определена е проф.д-р Наташа Данилоска (Одлука бр.02-1303/1 од 28.12.2022 година) и наместо Проф.д-р Верица Јаневска определена е проф.д-р Елизабета Џамбаска.(Одлука бр.02-547/1 од 31.5.2024 година)

Комисијата за самоевалуација има за цел да го процени квалитетот и ефикасноста на Институтот врз основа на анализа и преглед на наставно-обртазовниот процес, научно-истражувачката работа, активностите на студентите, организациската поставеност и функционирањето на Институтот.

Согласно Правилникот за обезбедување на квалитет на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.674/2024), формиран е Совет за квалитет на Економскиот институт-Скопје на 11.4.2024 година, во состав:

- Проф.д-р Ирина Пиперкова, претседател
- Проф.д-р Катерина Хаџи Наумова-Михајловска, член
- Доц.д-р Милена Бошкоска Клисароски, член
- Адам Миноски, член од стопанството
- Христина Нелоска, член од редот на студентите

Основна цел на Советот за квалитет е континуирано следење, преиспитување и унапредување на поставените цели во рамките на политката за квалитет. Поконкретно, Советот за квалитет врз основа на резултатите од самоевалуација ќе предложува Акциски план со конкретни мерки за отстанување на слабостите и унапредување на квалитетот на дејноста до Научниот совет на ЕИС.

**Прилози**

Прилог 1.4.А Одлука за формирање на комисија бр. 02-1013/3 од 29.10.2021

Прилог 1.4.Б Одлука за промена на член на комисија бр. 02-1303/1 од 28.12.2022

Прилог 1.4.В одлука за промена на членови од редот на студенти бр.02-887/1 од 27.9.2023

Прилог 1.4.Г одлука за промена на член на комисија бр.02-547/1 од 31.5.2024

Прилог 1.4.Д Одлука за избор на членови во Советот за квалитет на ЕИС Арх. бр.02-418/1 од 11.4.2024 година

| | |
|---|---|
| 1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата. | Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите;<br>Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |

Основна цел на процесот на самоевалуација на Економскиот институт – Скопје е со примена на квалитативна анализа заснована на квантитативни податоци и SWOT анализа да се согледаат предностите, а особено слабостите, можностите и пречките во реализацијата на мисијата на институтот и тоа во сите сегменти од неговото делување, како би можело, врз основа на заклучоците и препораките, активностите на раководството да се насочат кон подобрување на научно-истражувачката дејност, студиските програми од вториот циклус на студии и квалитетот на институцијата во целина.

Институтот редовно прави Извештај за самоевалуација од учебната 2021/2013 година согласно одредбите во Законот за високо образование (Сл. весник на Р. Македонија броеви: 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 57/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15,98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16, 127/16, 82/18). Извештаите редовно се прикачуваат на интернет страната на Економски институт-Скопје. (Прилог

| | |
|---|---|
| 1.5)<br>Последниот извештајот за самоевалуација на Економскиот институт - Скопје го опфаќа периодот за учебните 2020/21, 2021/22 и 2022/23 година (Прилог 1.5). Имајќи предвид дека од оваа учебна година започнува циклусот на спроведување на Акциски план, се очекува од наредната година да се оцени состојбата и да се дадат предлози за надминување на констатирани негативни појави и унапредување на квалитетот. | |
| **Прилози**<br>Прилог 1.5. Извешти од самоевалуација - линк | |
| 1.6. Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[1] | Извештај од надворешна евалуација од претходниот период;<br>Акциски план;<br>Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |
| Последната надворешна евалуација на Универзитетот, каде што припаѓа и Економски институт -Скопје е спроведена од 16 до 20 октомври 2017 година од страна на експертски тим номиниран од Европската асоцијација на Универзитети, во Брисел.(Прилог 1.6) Во Извештајот се дадени 24 препораки кои се однесуваат на УКИМ како целина бидејќи тимот имајќи ги предвид финансиските ресурси смета дека Универзитетот ќе ја зголеми својата ефикасност ако централизира некои клучни услуги (на пр. пишување предлози за грантови) и ако може да предложи и да спроведе заедничка стратегија за настава и учење, истражување, интернационализација и внатрешно обезбедување квалитет. | |
| **Прилози**<br>Прилог 1.6. Извештај за надворешна самоевалуација од ЕУА - линк | |

## Стандард 2

| СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 2.1. Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо). | Акт во кој е регулирано прашањето; |
| Сите студиски програми на Економскиот институт-Скопје на втор и трет цикус студии се акредитирани и се во согласност со важечките законски решенија во Република Северна Македонија. Постапката за изработка и одобрување на студиските програми за втор и трет циклус студии на Економскиот институт – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е регулирана во согласност со членот 145 од Законот за високо образование (Сл. Весник на РСМ бр. 82/18) и Уапатствата, актите и правилата за поднесување и начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма од втор и трет циклус студии од Одборот за акредитација на високото образование.<br>Основна дејност на Економскиот институт-Скопје како единица на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е научноистражувачката работа и наставно-образовната дејност. Економскиот институт-Скопје ја споведува наставно-образовната дејност на втор и трет циклус студии. Изработката и одобрувањето на студиските програми на втор и трет циклус студии е од исклучителна важност со цел да се овозможи унапредување на образование на студентите на сите студиски програми на втор и трет циклус на студии, следејќи ги најновите трендови во економијата и бизнисот во светот и подготвувајќи ги студентите во целост да одговорат на потребите на пазарот на труд.<br>Постапката за акредитација се спроведува редовно, на пет години, а согласно Упатството започнува една година пред истекот на тековната акредитација на студиската програма/и. Сите акти и правила со кои се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за втор и трет циклус студии на Економскиот институт – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“се во согласност со наведените упатства од Агенцијата за евалуација на високото образование, т.е. Одборот за акредитација на високото образование. Документите за акредитација се подготвуваат во согласност со Правилникотза задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус студии (Службен весник на Република Македонија бр. 25/11) и во согласност со Упатството за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма. | |

[1] Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата.

| |
|---|
| **Прилози**<br>Прилог 2.1.А Закон за високото образование (Службен Весник на РСМ бр. 82/18) -линк<br>Прилог 2.1.Б Правилник за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус студии (Службен весник на Република Македонија бр. 25/11) -линк<br>Прилог 2.1.В Образец за акредитација на студиски програми на втор циклус студии - линк<br>Прилог 2.1.Г Упатствата, актите и правилата за поднесување и начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма од втор и трет циклус студии - линк<br>Прилог 2.1.Д Обрасци за акредитација на студиски програми на втор циклус студии од АКВО - линк<br>Прилог 2.1.Ѓ Обрасци за акредитација на студиски програми на втор циклус - линк<br>Прилог 2.1.Е Обрасци за акредитација на студиски програми на трет циклус докторски студии - линк |

| | |
|---|---|
| 2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии. | Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

Студиските програми на Економскиот институт се во насока на непречен развој на студентот и овозомowуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини. Економскиот институт-Скопје организира студии од втор и трет циклус на студии: втор циклус-постдипломски студии (една (4+1) или две години (3+2) и трет циклус студии-докторски студии.

Втор циклус на студии

На ниво на втор циклус егзистираат 8 едногодишни студиски програми (Финансиски менаџмент, Меѓународен менаџмент, Меѓународна економија, Претприемништво, Агробизнис, Логистика на бизнисот, Бизнис менаџмент, Менаџерска економија) и 8 двегодишни студиски програми (Финансиски менаџмент, Меѓународен менаџмент, Меѓународна економија, Претприемништво, Агробизнис, Логистика на бизнисот, Бизнис менаџмент, Менаџерска економија)

Содржината на сите студиски програми на втор и трет циклус на студии кои се изведуваат на Економскиот институт – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е добро осмислена, солидно креирана и опишана. Истата е релевантна за целите на студиските програми и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите опфатени во студиските програми се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Содржината на студиските програми на втор и трет циклус на студии при Економскиот институт-Скопје се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академски знаења и вештини кои се од исклучително значење за нивниот личен и понатамошен професионален развој. Така на пример, преку студиската програма по Финансиски менаџмент се овозможува едуцирање на кадар кој ќе биде способен да ги анализира финансиските аспекти на едно претпријатие, јавните установи и економијата во целост. Студиската програма по Финансиски менаџмент овозможува стекнување на знаења и вештини на студентите, кои ќе им помогнат да донесат одлуки во практичното работење, базирани на претходно изработени финансики анализи. Понатаму на пример, студиската програма, Претприемништво е корисна за студентите кои се бават/ќе се бават со претприемничка кариера преку самовработување, започнување на свој сопствен бизнис потфат (претпријатие), или преку вработување во претприемнички корпорации. Така, оваа студиска програма влијае врз личен развој на студентот каде стекнатите вештини и знаењето може да бидат применети во развојот на нивните идни професии, како на пример, студенти кои сакаат да се ангажираат во проекти за започнување на нови бизнис потфати (на пример, како менаџери за развој, проект менаџери и др. во постојни претпријатија), како и за оние кои ќе се бават со консултативна и советодавна улога поврзана со растот и развојот на МСП, како и креирањето на политики и стратегии за развој и поддршка на секторот на МСП. Или студиската програма по Меѓународната економија, каде , стекнатите вештини и знаењето може да бидат применети во развојот на нивните идни професии, на пример за работа во државните институции во чија надлежност е креирањето на макроекономските политики, посебно на трговската политика (Министерство за економија, Царинска Управа и други релевантни институции), инвестиционата политика (Министерство за економија, Агенција за привлекување на странски директни инвестиции и други релевантни институции) и монетарната политика (Народна Банка на Република Северна Македонија), понатаму, оспособување на студентите со аналитичко-истражувачки вештини за истражување на конкретни појави од областа на меѓународната економија, што обезбедува основа за ангажман за секторски и мултисекторски проекти, искористување на стекнатото знаење на студентите при работа во извозно ориентирани компании ис слично. Ист е и пристапот кај останатите студиски програми кои овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, и да влијаат врз нивниот личен развој и применливост на знаењето и вештините во развојот на нивните идни професии. Иновативен пристап за студентите е овозможен и преку потпишаниот

договор за лиценца за верзијата на софтверски пакет Pantheon на ДАТАЛАБ за образовни институции со ДАТА Лаб МК Дооел.

Сите студиски програми поседуваат јасни и прецизни цели со цел студентот да стекне знаења, способности и вештини кои соодветствуваат на профилот на соодветната студиска програма и звањето со кое се стекнува студентот по завршување на студиите. Секоја студиска програма има јасно дефинири дескриптори на квалификации согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации (член 99 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09 и 115/10). Што се однесува до одделните предметни програми, сите предметни програми се дизајнирани со цел исполнување на целите на студиската програма. Кај сите предметни програми (задолжителни и изборни), јасно се наведени целите на предметната програма, односно компетенциите со кои студентот се стекнува по завршување на соодвтената програма, понатаму содржина на предметната програма, методи на учење, начин и критериуми на оценување, како и методот на следење на квалитетот на наставата. Секоја поединечна предметна програма (задолжителна или изборна), поседува јасно наведена основна и дополнителна литература. Содржината на студиските програми ги содржи сите елементи согласно член 140 од Законот за високо образование.

Содржината на студиските програми, целта на секоја програма, постигнување на резултатите од учењето, како и сите дополнителни информации за предметните програми на сите студиски програми акредититрани на втор и трет циклус се достапни во приложените реакредитирани елаборати (од акредитацијата во 2017/18 и последната 2022/23).(Прилог 2.2.А, 2.2.Б, 2.2.В, 2.2.Г)

**Прилози**

Прилог 2.2.А Акредитирани студиски програми на втор циклус на студии - линк

Прилог 2.2.Б Поранешни студиски програми на втор циклус на студии - линк

Прилог 2.2.В Елаборат за акредитација на студиска програма на трет циклус студии по Економски науки, 2021/2022. -линк

Прилог 2.2.Г Елаборат за акредитација на студиска програма на трет циклус студии по Организациски науки и управување (менаџмент), 2021/2022. - линк

| 2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки. |
|---|---|

Сите студиски програми на Економскиот институт – Скопје, Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје се креирани согласно континуирано следење и анализа на современите потреби на општеството и економијата, современите текови во глобалната економија, како и промените кои се наметнуваат во бизнисот и економијата, како и неопходни промени наметнати од иновациите, дигитализацијата и технолошкиот развој. Согласно претходното, програмите се конципирани согласно потребите на пазарот на труд. Исто така, студиските програми опфаќаат и практичните аспекти, како и ги земаат предвид најновите трендови на економските и бизнис факултети и институти во светот и регионот. Со вака конципираните програми, студентите се опремуваат со неопходнитре знаења и вештини во целост да одговорат на потребите на македонскиот приватен и јавниот сектор, да се вклучат во економијата и бизнисот и да предводат развојни проекти во општеството и економијата.

Во согласност со членот 67 од Законот за високо образование (Сл. Весник на РСМ бр. 35/0830/16) и член 122 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РСМ бр. 82/18) во рамките на Економскиот интитут– Скопје основан е Одбор за соработка и доверба со јавноста во кој членуваат релевантни претставници на деловната заедница од делокругот на студиските програми.

Во процесот на акредитација и реакредитација на наставните програми, Одборот за соработка и доверба со јавноста дава мислење за подобноста на студиските програми на развојните потреби на општеството и економијата.

Сите студиски програми на втор циклус на студии кои беа акредитирани за 2018/2019 година, па реакредитирани за 2023/24 година, како и студиските програми реакредитирани во 2021/22 и 2023/24 година, како и сите студиски програми на трет циклус на студии имаат добиено позитивно мислење од страна на Одборот за соработка и доверба со јавноста.

Сите студиски програми ги следат и одговараат на развојните промени на општеството и економијата. Така на пример, студиската програма Бизнис менаџмент, овозможува студентите да стекнат генерички и специфични знаења и вештини во областа на бизнис менаџментот, и да се оспособени да работат и да одлучуваат по бројни прашања поврзани со современите предвизици во доменот на финансиите, маркетингот, човечките ресурси, ризиците на работење, претприемништвото, корпоративното управување, меѓународните бизнис трансакции пред се кај компаниите во приватниот сектор, но и кај банките, установи во јавниот сектор, како и во високо-образовните и научно-истражувачките институции.Или на пример, студиската програма Логистиката во бизнисот која профилира кадри кои ќе се вклучат во современиот комплексен процес на логистиката на бизнисите од различни индустрии во функција на подобрување на перформансите на индивидуалните претпријатија и на синџирот за снабдување во целина.

**Прилози**

Прилог 2.3.А Закон за високото образование (Сл. Весник на РСМ бр. 82/18) - линк

Прилог 2.3.Б Законот за високо образование (Сл. Весник на РСМ бр. 35/0830/16) - линк

Прилог 2.3.В Одлука за избор на членови во Одбор за доверба и соработка со јавноста Арх.бр. 02-837/2 од 06.11.2020

| | |
|---|---|
| Прилог 2.3.Г Записник од 15. состанок на Одборот за доверба и соработка, Арх. бр. 02-725/2 од 4.7.2022<br>Прилог 2.3.Д Записник од 16. состанок на Одборот за доверба и соработка, Арх. бр. 02-725/3 од 8.7.2022<br>Прилог 2.3.Ѓ Елаборат за акредитација на студиска програма на трет циклус студии по Економски науки, 2021/2022. -линк<br>Прилог 2.3.Е Елаборат за акредитација на студиска програма на трет циклус студии по Организациски науки и управување (менаџмент), 2021/2022. - линк<br>Прилог 2.3.Ж Акредитирани студиски програми на втор циклус на студии - линк | |
| 2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми; |
| Сите студиските програми на втор и трет циклус студии на Економскиот институт-Скопје се изработуваат, ревидирираат и се подобруваат во соработка со студентите. Имено, студентите на втор и трет циклус студии, во најголем дел се вработени и активни учесници во државниот сектор, корпоративниот сектор и други организации, па оттаму директно даваат придонес во соработка со наставниците, преку дискусии и идеи кои потоа се користат при ревидирање на студиските програми. Ваквиот придонес го даваат во текот на семестарот, при консултации, при изработка на семинарските задачи, испитите, како и при изработка на магистерската/докторксната дисертација. Уште повеќе, докторските студенти земаат активно учество во докторските конференции, како конференциите и работилниците кои се одржуваат од страна на Економскиот институт-Скопје, на конференциите ко-органзирани од Институтот, како и студиски престои во странство, при што се добиваат свежи идеи и потреба за прилагодување на програмата кон новите трендови и се спречува нејзиното застарување. Понатаму, и темите за изработка на магистрски/докторски дисертации кои се бираат во соработка со менторите се нови и иновативни, и во голема мера придонесуваат кон процесот на осовременување на студиските програми. Дополнително, на крајот на секој семестар преку студентска анкета, студентите имаат можност да ги искажат своите идеи во однос на подобрување на студиските програми. Преку ваквиот процес со создава здрава, мотивирачка и ефикасна средина за поддршка и унапредување на знаењето и критичкото размислување на студентите.<br>При реакредитација на студиските програми, наставниот кадар вклучен на соодветната програма ја адаптира и осовременува како содржината, така и конкретната литература (задолжителна и дополнителна) на секој поединечен предмет. Исто така, при креирање на студиската програма, раководителите на студиските програми, заедно со своите тимови ја конципираат студиската програма да одговара на современите текови и барања на општеството, во насока на креирање на кадар кој ќе одговара на потребите на пазарот, потребите на економијата и бизнис секторот, како и светските трендови, со цел магистрираните и докторираните сттуденти да бидат конкурентни и водечки во своето поле на работа.<br>Сите студиските програми на втор и трет циклус студии на Економскиот институт-Скопје се изработуваат, ревидирираат и се подобруваат во соработка и со другите релевантни носители на интереси (бизнис заедницата, државни органи и други организации, реномирани студиски програми на странски универзитети и сл.) со цел да се избегне нивно застарување и да се одговори на современите потреби на пазарот на труд за високо-образован кадар од областа на економијата и бизнисот. Еден од начините е и Одборот за соработка и доверба со јавноста во кој членуваат релевантни претставници на деловната заедница од делокругот на студиските програми. Одборот дава мислење за општествената оправданост и подобноста на студиските програми на развојните потреби на општеството и економијата.Така како пример, член на Одборот на соработка е член на Стопанската комора, па студиските програми се ревидираат директно и од аспект на реалните потреби на деловната заедница.Исто така, во Одборот членува и претставник на студентите, кој ги одразува мислењата и потребите на студентите. | |
| **Прилози**<br>Прилог 2.4.А Вклучување на студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации) во изработка и ревидирање на студиски програми<br>Прилог 2.4.Б Листа на вклучени носители на интереси во изработка и ревидирање на студиските програми<br>Прилог 2.4.В Одлука за избор на членови во Одбор за доверба и соработка со јавноста Арх.бр. 02-837/2 од 06.11.2020<br>Прилог 2.4.Г Записник од 15. состанок на Одборот за доверба и соработка, Арх. бр. 02-725/2 од 4.7.2022<br>Прилог 2.4.Д Записник од 16. состанок на Одборот за доверба и соработка, Арх. бр. 02-725/3 од 8.7.2022<br>Прилог 2.4.Ѓ Извештаи од самоевалуациите од последните 5 години - линк | |
| 2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години. |

| | Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |
|---|---|

При креирањето на сите студиските програми на втор и трет циклус на студии на Економскиот институт-Скопје се прават напори да се вградат најдобрите светски практики. Предметите кое се дел од студските програми се изработени согласно позитивните искуства од соодветните студиски програми на познати светски универзитети. Кај студиските програми посебно е нагласена тенденцијата за нивно континуирано усовршување и реформирање, а при тој процес особено се внимава на позитивните практики од светските универзитети, со цел доведување во состојба на компатибилност со соодветните студиуми во светот. Трансферот на знаења и корисистење на искуства од соодветните студиски програми на реномираните странски универзитети претставува појдовната нишка во процесот на реакредитација на студиските програми.

Така, на пример, при реакредитација на студиските програми од втор циклус на студии користени се соодветни програми од реномирани универзитети и истите се споредливи со слични програми на странски високообразовни институции, особено во рамките на европскиот образовен простор.

Студиската програмата по **Финансиски менаџмент** е изработена во согласност со програмата на:

- Master in Bank and Financial Management - University of Ljubljana, School of Economics and Business
- Master of Financial Management - BN-13116 | Bond University | Gold Coast, Queensland, Australia
- Master of Science in Financial Management | BU MET, Boston University
- MSc Financial Management, Birmingham, United Kingdom

Студиската рограмата по **Менаџерска економија** е изработена во согласност со програмата на:

- Uniwersitet Wroclawski- Faculty of Law, Administration and Economics),
- Cambidge International Colleage, The British International College of Professional Management,
- University of Amsterdam, Amsterdam School of Economics,

Студиската програма по **Меѓународен менаџмент** е изработена во согласност со програмата на:

International University in Geneva
Private Business school
ISCTE Business School – Instituto Universitário de Lisboa

Програмата по **Претприемништво** е изработена во согласност со студиските програми по претприемништво на втор циклус студии на:

- The University of Edinburgh Business School,
- University of Amsterdam, Economics and Business, Amsterdam Business School,
- Erasmus University Rotterdam,
- University of Oslo, Department of Informatics,

Програмата по **Агробизнис** е изработена во согласност со програмата на:

- Faculty of Science, University of Copenhagen, MSc Programme in Agricultural Economics
- Universityof Hohenheim, Stuttgard, Germany
- Faculty of Business Administration, New Bulgarian University, Sofia

Програмата по **Бизнис менаџмент** е изработена во согласност со програмата на:

-ICHEC, BRUSSELS MANAGMENT SCHOOL,
-CARDIFF University,
-Steinbeis SMI University Berlin, Germany

Програмата по **Логистика на бизнисот** е изработена во согласност со програмата на:

-Heriot Watt University, Edinburgh Business School, UK
- American Business School, France
-Arden University Berlin, Germany
-EAE Business School, Spain
- Linkoping University Sweden
-Maastricht University (UM), Nederland

Програмата по **Меѓународна економија** е изработена во согласност со програмата на:

- Johaness Gutenberg Universitat - Mainz, Germany, Master in International Economics and Public Policy
- Paris School of International Affairs (PSIA) – Paris, France, Master in International Economic Policy
- University of Oxford, United Kingdom, MSc in Economics for Development
- University of Verona, Italy, Master's degree in Interrnational Economics and Business
- University of Groningen, Nederlands, MSc. In Economic Development and Globalization

Кај третиот циклус студии, при креирањето и реакредитација на студиската програма **Економски науки** се посветува внимание истата да е споредлива со програмите од странски еминентни високообразовни институции од каде се црпат и значајни позитивни светски искуства. Програмите на трет циклус студии по Економски науки редовно се застапени во понудата на голем број универзитети ширум светот. Овие програми се структурирани на различни начини, при што на некои како предметни дисциплини се изучуваат само предметите со генеричка содржина, кои имаат за цел да го оспособат студентот за научна работа, додека во други се изучуваат и стручни предмети, како што е тоа во нашата програма.

Примери за програми од оваа област се:

- Универзитет во Љубљана, Словенија, Doctoral Program in Economics and Business,
- Универзитет во Загреб, Хрватска, Poslijediplomski sveučilišni (doktorski) studij Ekonomije i Poslovne ekonomije,
- Универзитетот во Беркли, Калифорнија, САД, Ph.D. in Economics
- Стенфорд Универзитет, САД, Ph.D. in Economics
- Рајс Универзитет, Тексас, САД, Ph.D. in Economics,
- Еразмус Универзитет, Ротердам, Холандија, Ph.D. in Economics,

Кај третиот циклус студии, студиската програма од **Организациските науки и управувањето** при нејзино креирање и реакредитација се користат светски искуства од програмите од реномирани странски високообразовни установи, особено од земјите на Европската Унија. Организациските науки и управувањето (менаџментот) денес се предмет на изучување на најреномираните универзитети ширум светот, каде најчесто токму овие студиски програми привлекуваат голем број студенти, а едновремено на нив реномирани меѓународни економски експерти од организациските науки и управувањето. Списокот на универзитети каде што постојат предложениве студиски потпрограми на трет циклус студии од областа организациските науки и управувањето (Менаџментот), односно бизнис менаџментот, меѓународниот менаџмент и управувањето со промени е многу обемен, а дел од нив се: MIT Sloan School of Management, Wharton Business School, Northern Illinois University, Adizes Institute, Kelogg School of Management, University of Marryland, University of Phoenix, European Institute for Advanced Studies in Management, Zurrich University, London School of Business, Warsaw School of Economics, Lancaster University Management School, Bled School of Management итн.

Вмрежувањето и користењето на странските наставници во програмата е неопходнен инпут при структурирање на поединечните студиски програми.Во последните 5 години во студиските програми како експерти и надворешни соработници, на покана предавања одржале неколку гости предавачи од домашната бизнис заедница и претставници на релевантни меѓународни институции.

Така на пример, во текот на 2023/24 година, визитинг професор проф д-р Мустафа Озер, редовен професор на Универзитетот Анадолу, FEAS, Оддел за Економија, Ескишекир, Турција ја спроведе меѓународата летната школа „Курс по Економетрија" од 07-13 август, 2024 во Охрид. Оваа соработка беше резултат на соработката која ја имавме во текот на 2022/23 година, кога во рамките на вториот циклус студии во повеќе студиски програми, во периодот од 03 мај до 09 јуни 2023 година, и во септември 2023 година, беше ангажиран проф д-р Мустафа Озер. Како визитинг професот, проф. Озер спроведе обука „Основи на применета економетрија" во насока на поттикнување на истражувачките капацитети на студентите и истражувачите.Во претходните академски години исто така, имавме гости предавачи од Универзитетот за менаџмент во Варна, Република Бугарија, Институтот за Економски науки во Белград, Србија, итн.

Во рамките на третиот циклус на студии, преку Докторската школа, студентите од третиот циклус студии имаат можност да присуствуваат на предавањата на неколку гости предавачи од странски универзитети, како и од домашните универзитети: на пример, на 28 мај 2024 година, преку Универзитетската школа на докторски студии, за студентите на трет циклус студии – докторски студии се одржа предавањето на проф. д-р Валентин Мирчески, редовен професор на УКИМ и дописен член на МАНУ, на тема: „За трите света".

**Прилози**

Прилог 2.5.А Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми-линк

Прилог 2.5.Б Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во ст. програми во последните пет години. - линк

| | |
|---|---|
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните пет години за сите студиски програми. |

| |
|---|
| Системот на студирање на вториот и третиот циклус на студии е согласно со Болоњскиот процес и Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) и е опишан детално во Елаборатите на студиските програми. Напредувањето на студентите е според освоените ЕКТС кредити. Оптоварувањето на студентот со активности во установата е соодветно димензионирано за втор и трет циклус на студии и овозможува студентот да остварува надворешни активности за време на студирањето на своето работно место. Ваквиот пристап е од особено значење, со оглед на тоа што доминантно студентите од втор и трет циклус на студии се вработени со полно работно време. Преку запишување на студентите на втор и трет циклус на студии, тие имаат можност да го комбинираат и надоградуваат своето практично знаење со знаењето кое го стекнуваат на соодветната студиска програма. Во елаборатите на сите студиските програми јасно е дефиниран целокупниот очекуван ангажман на студентот, и сите активности му овозможуваат да стекне соодветно искуство во областа на соодветните студии на кои е запишан. Преку доделување нумерички вредности на секој предмет, ЕКТС - кредитите го претставуваат обемот на работа што студентот мора да го реализира за да го положи испитот. ЕКТС - кредитите се релативно мерило, бидејќи обемот на работа за еден предмет го ставаат во однос со вкупниот обем на работа потребен да се комплетира една студиска година, во што се вклучени: предавања, практична работа, семинари, периоди на практично искуство, индивидуална работа - во библиотеки или во местото на престој - како и испити и други можни методи на евалуација.ЕКТС е заснован на вкупниот обем на работа на студентот, а не само на посетувањето настава. Според ЕКТС, оптоварувањето на студентите на втор циклус студии е 60, односно 120 ЕКТС (едногодишни, односно двегодишни студии респективно) и трет циклус на студии од 180 ЕКТС.<br>Оптовареноста на студентите од втор и трет циклус на студии е јасно распределена во елаборатите на секоја студиска програма и истата се распределува на следните форми на наставните активности: предавања-теоретска настава, вежби, семинари, тимска работа, семинарска работа, самостојни задачи и домашно учење.Преку користење на современа литература, истражувања и извештаи од релевантни институции, практични примери од бизнисот, студии на случај, како и со пишување на семинарски трудови базирани на реални проблеми кои произлегуваат од поврзаноста на економијата и бизнисот, студентите ја користат економската теорија во практика, при донесувањето на одлуки, како во нивното практично работење. Економскиот институт има соработка со многу приватни компании, како и институции од јавниот сектор кои се јавуваат во улога на креатори на различни политики што им обезбедува на студентите соодветен практичен аспект при решавање на конкретни прашање и нивна анализа. Во текот на студиите, посебно се охрабрува соработката на студентите со конкретни институции при изработка на семинарски, магистерски и докторските трудови, или користење на искуството од своето работно место, со што се подигнува нивната дододена вредност и се создава можност за практична примена на трудовите. Практичните аспекти се потврдуваат и преку темите на магистерските и докторските трудови како, на пример, „Вреднување на капитални средства со примена на CAPM методот на примерот на македонската берза на хартии од вредност", одбранета во септември 2024, „Трендови во кредитирање на корпоративниот сектор во РСМ-Студија на случај „Халкбанк" АД Скопје" одбранета на 09.10.2023, „Анализа на финансиски извештаи во осигурителниот бизнис – Студија на случај" одбранета на 11.09.2023, „Анализа на финасиски извештаи и финансиски перформанси во компаниите – студија на случај" одбранета на 13.06.2024 , „Улогата на бизнисите во развој на циркуларна економија и транзиција на линеарно во циркуларно претпријатие – студија на случај" одбранета на 13.06.2024,„Влијанието на менаџмент практиките на човечките ресурси врз финансиското и нефинансиското работење на МСП во пртеработувачката индустрија" одбранет на 13.06.2024 итн. |
| **Прилози**<br>Прилог 2.6. Преглед на реализирана практична настава и надворешни активности |

| | |
|---|---|
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб страна каде се објавени наведените информации.[2] |
| Сите информации за студиските програми на втор и трет циклус на студии навремено се објавуваат на интернет страната на Институтот и истите кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. За секоја студиска програма е прикачен елаборатот, потребните задолжителни и изборни предмети со соодветните кредити, содржината на секој предмет со наставниците, како и сите документи кои се неопходни за информирање на студентите во врска со вториот и третиот циклус на студии. | |
| **Прилози**<br>Прилог 2.7.А Интернет страна на институтот - линк<br>Прилог 2.7.Б Инфо за Втор цикус на студии - линк<br>Прилог 2.7.В Инфо за Трет цикус на студии - линк | |
| 2.8. Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата; |

2 Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

| | |
|---|---|
| програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните пет години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |

Студиските програми на Економскиот институт-Скопје на втор и трет циклус на студии континуирано се следат и периодично се ревидираат со цел да се следа промените во економските текови, потребите на студентите и заедницата во рамки на законски предвидените рокови за акредитација, односно реакредитација на студиските програми. За сите промени, учесниците и засегнатите страни се навремено известени. Информациите за сите ревидирани студиски програми, како и за новововедените студиски програми се навремено објавени на веб страната на Економскиот институт-Скопје и се јавно достапни за сите заинтересирани страни. Материјали по секој од предметите вклучени во наставната програма се избрани со цел да обезбедат знаења за суштинските теоретски концепти и практични решенија, а се практикува редовно дополнување на литературата со тековни материјали и публикации, со цел студентите да се стекнат со критичко размислување и да дискутираат за актуелни теми во општеството. Преку ревизија, континуирано се подобруваат студиските програми. Постапката за акредитација-реакредитација се спроведува редовно, на пет години, а согласно упатствата започнува една година пред истекот на тековната акредитација на соодветната студиска програма/и.

Втор циклус на студии

На ниво на втор циклус егзистираат 8 едногодишни студиски програми (Финансиски менаџмент, Меѓународен менаџмент, Меѓународна економија, Претприемништво, Агробизнис, Логистика на бизнисот, Бизнис менаџмент, Менаџерска економија) и 8 двегодишни студиски програми (Финансиски менаџмент, Меѓународен менаџмент, Меѓународна економија, Претприемништво, Агробизнис, Логистика на бизнисот, Бизнис менаџмент, Менаџерска економија) На 23.08 2022 година, студиската порграма Менаџерска економија (едногодишна програма) е реакредитирана и е добиено решение за почеток на работа, додека на 01.06.2021 е добиено решение за реакредитација на студиската програма Менаџерска економија (двогодишни студии). За сите останати студиски програми (едногодишни и двогодишни), завршен е процесот на реакредитација и добиено е решение за отпочнување со работа за учебната 2023/24.

Трет циклус на студии

Во контекст на третиот циклус на студии егзистираат 2 студиски програми (Економски науки и Организациони науки и управување (менаџмент)). Согласно принципот за формирање единствена Школа за докторски студии на ниво на Универзитетот, двете студиски програми се етаблирани во академската 2012/2013, а реформирани во 2017/2018 година. Студиската програма Економски науки е заедничка студиска програма во соработка со Економскиот факултет, додека студиската програма Организациони науки и управување (менаџмент) е во соработка со Економскиот факултет Скопје и Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања. Во текот на учебната 2021/2022 година, реакредитираниа се две студиски програми на трет циклус студии за следниве студиски програми, и тоа: Економски науки и Организациски науки и управување (менаџмент).

Наставата на Економскиот институт-Скопје редовно се спроведува согласно Правилата за студирање на едногодишни и двегодишни студии од втор циклус во Економскиот институт. За секој одделен предмет предвиден со студиската програма се организира настава. Секој студент има право да договори и консултации со предметен наставник. На секој предмети има по 2ца наставници кои заедно ги спроведуваат сите активности во врска со наставниот предмет. За групи од 10 и/или помалку од 10 студенти се организира консултативно – инструктивна настава. Наставник може да организира настава и за групи помалку од 10 студенти која се изведува во согласност со однапред утврден распоред (Правила за студирање на едногодишни и двегодишни студии од втор циклус во Економскиот институт и Одлука бр. 02-1739/1 од 21.12.2018 година донесена на 22 седница на ННС).

Распоредот на часови се објавува јавно на веб страната на Економскиот институт, како и на огласната табла во просториите на Економскиот институт-Скопје пред почетокот на секоја учебна година. Преку анкетата која се спроведува на крајот на секој семестар за секој наставен предмет и наставник се оценува од страна на студентите и редовност на часовите и рационално искористување на времето.

Предавањата во зимскиот и во летниот семестар во академската 2023/24 година се реализираа во целост согласно годишниот план и предвидената динамика и согласно акредитираните наставни програми.Изведувањето на наставата е предмет и на евалуација која се спроведува преку анкетите кои редовно се спроведуваат на крајот на секој семестар. Со оглед на фактот што за секој предмет на Економскиот институт-Скопје се делегирани двајца наставници, анкетата се спроведува за секој наставник посебно. Резултатите од анкетата редовно се комуницираат со секој професор поединечно со цел секој наставник да добие повратна информација од студентите во насока на унапредување на своето работење. Анкетите се спроведуваат за оценка од страна на студентите во следните аспекти:

- Подготвеност за предавањата/вежбите
- Квалитет на изведувањето на наставата (начин на изложување на материјалот)
- Редовност на часовите и рационално искористување на времето.
- Достапност за консултации и комуникација.
- Однос кон студентот
- Обезбеденост на соодветен материјал за учење и полагање на предметот

- Усогласеност на вежбите (аудиториски и лабораториски) со предавањата и нивна временска координираност.

Објективност при оценувањето и начин на реализирање на испитот.

**Прилози**

Прилог 2.8.А Инфо за настава на Втор цикус на студии линк

Прилог 2.8.Б Инфо за настава на Трет цикус на студии -линк

Прилог 2.8.В Правила на студирање - линк

Прилог 2.8.Г Распоред на часови - линк

Прилог 2.8.Д Решение за акредитација на студиите на втор циклус – линк

Прилог 2.8.Ѓ Решение за акредитација на трет циклус на Економски науки и Организациски науки и менаџмент - линк

Прилог 2.8.Е Одлука за организирање на консултативно – инструктивна настава бр. 02-1739/1 од 21.12.2018 година

Прилог 2.8.Ж Одлука за начинот на реализација на дејностите на Економскиот институт – Скопје согласно со мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на коронавирусот Ковид-19 и Правилникот за начинот на реализација на дејностите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, бр. 02-259/1 од 07.04.2020

| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните пет години. |
|---|---|

На Економскиот институт – Скопје се прибираат статистички податоциредовно се следат и системски се анализираат, а потоа служат за донесување соодветни одлуки базирани на податоци.

Во поглед на студиските програми Еконмоскиот институт-Скопје редовно го следи бројот на студенти (новозапишани, магистрирани, докторирани), број на предмети кои се реализираат во секој семестар, просечна оценка итн. Добиените податоци претставуваат основа за донесување на соодветни одлуки во насока на унапредување на студиските програми.

Втор циклус на студии

Во учебната 2023/2024 на втор циклус студии (прв и втор уписен рок), се запишале вкупно 22 студенти, 15 во првиот и 7 во вториот уписен рок. Од вкупниот број на запишани студенти, 13 студенти се запишани на едногодишни студии и 9 студенти на двегодишни студии. Компаративно со претходните години, во учебната 2022/2023 на втор циклус студии се запишале вкупно 15 студенти, во учебната 2021/2022 се запишани 19 студенти, а во учебната 2020/2021 се запишале 25 студенти. Иако од анализата во претходните години, не се добива јасна слика дека состојбата со упис оди во надолен тренд, сепак компарацијата за запишување на вториот циклус на студии споредено со состојбите пред десетина години покажува намален интерес. Со иновирање на програмите се очекува да поголем интерес при запишувањето на втор циклус студии во периодот што следи. Секако мора да се има и предвид генералниот тренд на ниво на државата за опаѓање на бројот на студенти.

Согласно статистичката евиденција од I-know системот и сметководството, во текот на учебната 2023/24 година реализирани се 36 предмети во зимскиот и 41 предмети во летниот семестар

Во 2023/2024 година на вториот циклус на студии магистрирале 30 студенти, од кои 20 на студиската програма Финансиски менаџмент, 5 на Логистика на бизнисот, 2 на Претприемништво, 0 на Меѓународен менаџмент, 0 студент на Агробизнис, 2 студент на Менаџерска економија, 0 на студиската програма Бизнис менаџмент, 1 на студиската програма Меѓународна економија.

Согласно статистичките податоци во Економскиот институт-Скопје, просечните оценки на студентите поединечно по секој предмет за 2023/24 се прикажани во прилог 2.9 б (сите сесии во 2023/24). Севкупно по сите предмети, пресечната очецнка е 9.02

Во контекст на третиот циклус на студии егзистираат 2 студиски програми (Економски науки и Организациски науки и управување (менаџмент)). Согласно принципот за формирање единствена Школа за докторски студии на ниво на Универзитетот, двете студиски програми се етаблирани во академската 2012/2013, а реформирани во 2017/2018 година. Студиската програма Економски науки е заедничка студиска програма во соработка со Економскиот факултет, додека студиската програма Организациони науки и управување (менаџмент) е во соработка со Економскиот факултет Скопје и Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања. Во текот на учебната 2021/2022 година, реакредитираниа се двете студиски програми на трет циклус студии за следниве студиски програми, и тоа: Економски науки и Организациски науки и управување (менаџмент).

Во елаборирање на податоците на секоја од заедничките студиски програми, прикажани се податоците за запишаните и докторирани студенти кои произлегуваат од заедничките студиски програми, а се однесуваат на кандидати кои имаат ментор во Економскиот институт-Скопје, каде и се води досието на студентот. Ваквиот начин на прибирање на податоци произлегува од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, објавен во Универзитетски гласник бр. 530 од 31 декември 2020 година, член 32, во кој се истакнува дека кога студиската програма е организирана од две или повеќе единици, стручните, административните и техничките работи поврзани со студентите на студиската програма која е организирана од две или повеќе единици се вршат во единицата во која е вработен менторот

на студентот,односно со која студентот склучил договор за студирање. Согласно претходното, на трет циклус на студии во учебната 2023/2024 година е запиша еден студент на студиската програма по Економски науки, каде менторот е од Економски институт. Во учебната 2023/2024 година докторирале 4 студенти, кои се со досие во Економски факултет, меѓутоа менторот е од Институтот, па поради тоа одбраните беа организирани во Институтот, и еден студент со досие и ментор од Институтот. Оттука во учебната 2023/ 2024 година докторирале вкупно 5 студенти, од кои еден студент на студиската програма по Економски науки, а останатите четворица на студиската програма по Организациски науки.

**Прилози**
Прилог 2.9.А Статистички податоци
Прилог 2.9.Б Просечни оценки по предмети
Прилог 2.9.В Причини за напуштање на студиите
Прилог 2.9.Г Број на студенти и број на предмети кои се реализирале на втор циклус на студии и просечна оценка во последните 5 години
Прилог 2.9.Д Предмети кои се полагале на трет циклус на студии во последните 5 години
Прилог 2.9.Ѓ Број на запишани, магистрирани и докторирани студенти на втор и трет циклус на студии на Економски институт-Скопје

# Стандард 3

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа;<br>Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата;<br>Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |

Механизмите кои обезбедуваат процес на изведуваање на програмите на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во процесот на учење на Економскиот институ - Скопје е обезбеден преку повеќе акти и документи - кои доследно се спроведуваат во практика. Во Статутот на Економскиот институт-Скопје јасно се дефинирани надлежностите на Институтот меѓудругото и во насока на наставно образовната дејност. Во следните правилници јасно се дефинирани активности кои се предмет на оценување низ:

- Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2018.
- Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, декември 2020.
- Одлука за правила на студирање на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзит, етот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски институт –Скопје, декември 2022.

При изведување на наставата се користат интерактивни методи и тоа семинарски трудови, панел дискусии, формални дебати, студии на случај, а особено внимание се посветува на методите на симулација, истражувачките проекти и дискусиите. Предметните програми го прецизираат завршното оценување кое е јавно и транспарентно, и се одвива во однапред дефинирани термини кои се комуницираат до студентите. При тоа се практикуваат дискусии и презентации на изработените семинарските трудови пред други колеги студенти со што се поттикнува конструктивна дискусија и културата на споделување на знаења. Во Елаборатите по студиските програми јасно се наведени начините и механизмите, односно што може да биде предмет на оценување - колоквиуми, вежби, практична работа, презентација, теренска настава, проекттна работа и многу други работи предвидени во предметната програма

Студентите директно се информираат преку интернет страната на институтот за:

- Правила на студирање на втор циклус студии
- Изработка на Магистерски труд
- Изработка на семинарска работа
- Пријава за проектна задача
- Пријава за магистерски труд

- Правилник за студирање на Економскиот институт
- Упатство за користење на интегрираниот систем за студентски сервиси – iKnow

Во однос на трет циклус студии постои директно информирање на студентите на трет циклус студии преку веб страната на Економски институт-Скопје за Правилата на студирање, Програмата на докторските студии, Структурата на Докторскиот труд, Водичот за студирање на трет циклус на студии и Пријава за годишна конференција. Дополнително студентите можат да пристапат и на веб страната на Школата на докторски студии при УКИМ со цел да ги добијат сите потребни информации. (Прилог 3.1.Ѓ)

Студентите на Економскиот иститут (магистранти и докторанти) земаат учество во меѓународни конференции со свои оригинални трудови кои ги подготвуваат во соработка со професор - ментор. Исто така, објавуваат и заеднички трудови со своите ментори во релевантни публикации.

**Прилози**

Прилог 3.1.А Статут на Економскиот институт-Скопје - линк

Прилог 3.1.Б Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - линк

Прилог 3.1.В Одлука за правила на студирање на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски институт –Скопје - линк

Прилог 3.1.Г Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - линк

Прилог 3.1.Д Правилата за студирање на едногодишни и двегодишни студии од втор циклус во Економскиот институт. - линк

Прилог 3.1.Ѓ Водич за студентите на трет цикус на студии. - линк

| | |
|---|---|
| 3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми;<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |

Во Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус на студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје (член 25 -31) се наведени и детално елеборитани начините преку кои може да се изведува наставата (иако не се ограничува само на истите), како предавања, вежби, консултации, семинарски работи, домашни задачи, проекти, теренска настава, курсеви и сл. Дополнително и во Одлуката за правила на студирање на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски институт –Скопје, јасно се наведени јасно се наведени начините и механизмите што може да биде предмет на оценување колоквиуми; вежби; семинарска задача; домашна работа; проектна работа; курсеви; есеи; други активности предвиден со предметната програма. Во наставната програма на втор и трет циклус се вклучени и изборни предмети кои секој студент зависно од интересот може да ги избере. Наставната програма на трет циклус согласно Правилникот вклучува и мобилност на студентите која се реализира во траење од најмалку еднонеделен престој на студентот на универзитет или научна установа во странство.

Постои флексибилност и за вклучување на предавачи и гости од други високо образовни и институции во наставата - сите овие можности се искористуваат од Економскит институт-Скопје. Така, дел од гостите предавачи, дел од предавањата ја реализираа во комбинација на виртуелно и физичко присуство, како на пример, предавања од проф д-р Мустафа Озер, редовен професор на Универзитетот Анадолу, FEAS, Оддел за Економија, Ескишекир, Турција, како визитинг професот со обука на тема „Основи на применета економетрија" одржа предавања во периодот од 03 мај до 09 јуни, 2023 (виртуелно) и 25-27 септември (со физичко присуство). (Прилог 3.2.Д) Како резултат на наведената соработка проф Озер беше предавач и на Меѓународната летна школа „Курс по Економетрија" , 7-13 август 2024 година во Охрид -линк.

Деталните начини во пристапите и флексибилност во учењето/наставата согласно потребите на студентите се дел од Елаборатите за акредитација на секоја студиска програма. Студиските програмите користат и посебни и поиновативни пристапи и мноштво педагошки методи во наставата кои се стимулираат и поттикнуваа. На пример, во насока на поттикнување на иновативноста во септември, 2024 година беше иницирана организација на работилница на тема Р„ВЕШТАЧКАТА И ДЕЛОВНА ИНТЕЛЕГЕНЦИЈА И АКАДЕМСКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА - ПРАКТИЧНИ АСПЕКТИ", на која интерест покажаа 20% докторски студенти, 15% магистерски студенти и останатите беа од истражувачкиот кадар во Економскиот институт. На овој начин сите имаат можност да се запознаат со софтверските пакети со вештачка интелгенција Orange и Power Bi, кои како иновативни алатки може да се користат во истражувањето и изработка на магистерските и докторски студии. Дополнително, е прикажан иновативниот софтверот за референцирање mendeley reference manager.

Иновативен пристап за студентите е овозможен и преку потпишаниот договор за лиценца за верзијата на софтверски пакет Pantheon на ДАТАЛАБ за образовни институции со ДАТА Лаб МК Дооел.

Флексибилноста кон студентите се осигурува имајќи предвид дека им е овозможено испитите и консултациите да ги остваруваат и во

попладневните часови, па испитите, предавањата и консултациите се закажуваат и по 17.00 часот или во договор со двајцата предметни наставници.

**Прилози**

Прилог 3.2.А Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – линк

Прилог 3.2.Б Одлука за правила на студирање на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски институт –Скопје - линк

Прилог 3.2.В Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - линк

Прилог 3.2.Г Правилата за студирање на едногодишни и двегодишни студии од втор циклус во Економскиот институт. - линк

Прилог 3.2.Д Одлука за вклучување на визитинг професор проф. Мустафа Озер од Универзитетот Анадолу, FEAS, Оддел за економија, Ескишехир, Турција арх. бр. 02-336/1 од 29.03. 2023 г

| | |
|---|---|
| 3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |

Во рамките на секоја студиска програма јавно и транспарентно се објавени општите и специфичните дескриптори. За секоја студиска програма се елаборирани целите, компетенциите, вештините кои треба да ги обезбеди, начинот на кој го остварува истото (каде посебен е фокусот на пристапите кои обезбедуваат и интерактивно учење насочено кон студентот). Во елаборатите на студиските програми предвидени се посебни начини на фокусираност на наставата кон интерактивно учење, како и пристап на учењето кој е фокусиран на студентот, развојот на неговоите вештини и компетенции . Ваквиот пристап е својствен за секоја студиска програма на втор и трет циклус на студии.

Дополнително, согласно Одлука за правила на студирање на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски институт –Скопје, јасно се наведени начините и механизмите, односно што може да биде предмет на оценување - колоквиуми, вежби, практична работа, презентација, теренска настава, проекттна работа и многу други работи предвидени во предметната програма. Сите овие можности се применуваат од страна на Економскиот институт-Скопје и тоа од секоја посебна студиска програма, согласно нејзините специфики - каде се става посебен фокус на интерактивноста и интердисциплинарноста на пристапите - студиите на случај се користат во секоја од студиските програми.

Интерактивноста се обезбедува преку неколку процеси. Со оглед на фактот што студентите на втор и трет циклус на студии се вработени и располагаат со одредено практично искуство, во текот на изведување на наставата се настојува да се комбинира веќе стекнатото практично искуство и преку студии на случај или бази на податоци да се продлабочуваат истражувачките и критичите компетенции на студентите, како во изработката на семинарските трудови, така и во изработката на магистерскиот и докторскиот труд. На овој начин студентите, критички и стратешки размислуваат и се насочуваат кон донесување на рационални одлуки имајќи ги предвид економските законитости и карактеристики. Со користење на современа литература, истражувања и извештаи од релевантни институции, практични примери, студии на случај, како и со пишување на семинарски трудови базирани на реални проблеми кои, произлегуваат од поврзаноста на економијата и бизнисот, студентите можат да ја користат економската теорија во практика, при донесувањето на одлуки, како во нивното работење, така и во понатамошно академско надградување. Така, при изборот на тема за семинарска по секој предмет, студентот комуницира интерактивно со двајцата наставници на соодветниот предмет. При тоа се има предвид претходното образование на студентот (кое може да биде од други дисциплини), па се обезбедува интердициплинарен пристап во изборот и изработката на семинарската тема. Дополнително, во интеракција со двајцата наставници на секој предмет се има предвид работното искуство на студентот, па се овозможува поврзување на практиката и науката. Истото се реплицира и при изработката на магистерскиот труд. На тој начин учењето е ориентирано кон студентот.

Со оглед на фактот што студентите имаат и практични знаења, а секој наставен предмет се води преку двајца наставници, студентите имаат можност за интерактивно учење со цел развој на нивните вештини и компетенции. Дополнително можноста да се запишуваат студенти и од различни факултети овозможува интердисциплинарен пристап, како на пример, студенти со завршен правен факултет, земјоделски, машински, фармација и слично, што претставува успешна приказна за интердисциплинарниот пристап. Пример за ова се мноштвото теми на магистерски и докторски студии (објавени во Билтенот на УКИМ), кои третираат интердициплинарен пристап, базирани на студии на случај, како и истражување кое се базира на проектни активности на студентите кои ги имаат на своите работни места. Така на пример, студент кој работи како раководител на Контролинг во една компанија, во август 2024 година пријави тема за

магистерска под наслов „Контролингот во компаниите како партнер на менаџментот“. Или студент кој во септември 2024 година го одбрани својот магистерски труд под наслов „Најновите трендови на логистиката и синџирите на снабдување во меѓународниот бизнис”, каде се анализираат современите трендови во меѓународниот бизнис. Или, пример докторски труд на тема „Трендови на претприемништвото во јавниот сектор на Европската унија, со осврт на македонскиот јавен сектор“ одбранет на 22.01.2024.

Наставата континуирано се следи и се постапува по детектирани слабости/недостатоци и се прават соодветни адаптации. На крајот на секој семестар се спроведуваат анкетни прашалници, каде студентите имаат можност да ја оценат наставата, како и да дадат свои мислења и сугестии. Согласно резултатите на анкетите и координација меѓу двајцата наставници на секој предмет се согледуваат можности за адаптација во иднина, со цел да се унапреди наставниот процес.

**Прилози**

Прилог 3.3.А Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје - линк

Прилог 3.3.Б Одлука за правила на студирање на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски институт –Скопје - линк

Прилог 3.3.В Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк

Прилог 3.3.Г Правилата за студирање на едногодишни и двегодишни студии од втор циклус во Економскиот институт - линк

Прилог 3.3.Д Елаборат за акредитација на студиска програма на трет циклус студии по Економски науки, 2021/2022. Скопје - линк

Прилог 3.3.Ѓ Елаборат за акредитација на студиска програма на трет циклус студии по Организациски науки и управување (менаџмент), 2021/2022. - линк

Прилог 3.3.Е Елаборати за акредитација на студиски програми на втор циклус на студии - линк

| | |
|---|---|
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |

Во елаборатите на секоја студиска програма, детално се утврдени и елаборирани механизмите /алатките на оценување. За секоја студиска програма јавно и транспарантно се презентирани начините на оценување на студентите кои овозможуваат да се демонстрира нивниот степен на постигнати резултати.

Согласно Елаборатите за секоја студиска програма, Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2018, Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, декември 2020 и Одлука за Правила на студирање на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски институт –Скопје, декември 2022 јасно се наведени и детално елаборирани кој е предметот на оценување (колоквиуми, вежби, практична задача,семинарски трудови, теренска настава, есеи, проекти итн.), понатаму и детално се елаборирани како се пријавува, како се изведува испитот, кои се испитните рокови, јавноста на испитот, изведување на испитите, поднесувањето на приговори и постапувањет по истите, комисиско полагање, завршно оценување и се наведени кои се обврските на засеганите страни/наставникот во целиот процес на оценување.

Наведените постапки се почитуват од страна на наставниот кадар на Економскиот институт-Скопје, во секоја посебна студиска програма на втор и трет циклус на студии согласно нејзините специфики.

Деталните начини/пристапи во оценувањето (по секоја студиска програма) се презентирани и во Елаборатите за акредитација на секоја студиска програма посебно. Во Елаборатите за секој посебен предмет може да се видат и тимовите за секој од предметите - што укажува дека е обезбедено секоја од предметните дисциплини да има можност за повеќе испитувачи. На втор циклус на студии испитувањето се врши со присуство на двајца наставници.

Дополнително, на почетокот на секој семестар, одговорните наставници на сите наставни предмети детално ги запознаваат студентите со Годишната програма за работа за содветниот предмет каде што составен дел покрај релевантната литература, начинот на изведување на наставата, преставува и начинот на кој ќе биде изведено оценувањето за конкретниот предмет и кои се елементите кои се валоризираат при сумирање на завршната оцена.

**Прилози**

Прилог 3.4.А Преглед на методите на оценување и испитување на студентите (во %) на ниво на установа

Прилог 3.4.Б Листа на предмети и методи на оценување и испитување на студентите

Прилог 3.4.В Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје - линк

| | |
|---|---|
| Прилог 3.4.Г Одлука за правила на студирањена втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски институт –Скопје - линк<br>Прилог 3.4.Д Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк<br>Прилог 3.4.Ѓ Правилата за студирање на едногодишни и двегодишни студии од втор циклус во Економскиот институт.- линк<br>Прилог 3.4.Е Елаборат за акредитација на студиска програма на трет циклус студии по Економски науки, 2021/2022. -линк<br>Прилог 3.4.Ж Елаборат за акредитација на студиска програма на трет циклус студии по Организациски науки и управување (менаџмент), 2021/2022. - линк<br>Прилог 3.4.3 Елаборати за акредитација на студиски програми на втор циклус на студии - линк | |
| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*<br>Во Елаборатите на секоја студиска програма, Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2018, Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, декември 2020 и Одлука за правила на студирање на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски институт –Скопје, декември 2022 јасно се наведени критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите. Истите се објавени на веб страната на Економскиот институт.<br>Деталните начини/пристапи во оценувањето (по секоја студиска програма) се презентирани и во Елаборатите за акредитација на секоја студиска програма посебно. Тука јасно и детално за секоја студиска програма се елаборирани пристапите во оценување и начинот на формирање на оцена на студентите - и нивната прилагоденост согласно целите на секој посебен предмет. | |
| **Прилози**<br>Прилог 3.5.А. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје - линк<br>Прилог 3.5.Б. Одлука за правила на студирање на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски институт –Скопје - линк<br>Прилог 3.5.В. Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк<br>Прилог 3.5.Г. Правилата за студирање на едногодишни и двегодишни студии од втор циклус во Економскиот институт - линк.<br>Прилог 3.5.Д Елаборат за акредитација на студиска програма на трет циклус студии по Економски науки, 2021/2022. -линк<br>Прилог 3.5.Ѓ Елаборат за акредитација на студиска програма на трет циклус студии по Организациски науки и управување (менаџмент), 2021/2022. - линк<br>Прилог 3.5.Е Елаборати за акредитација на студиски програми на втор циклус на студии - линк | |
| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |
| А.Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти во согласност со сите процедури<br>Во Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2018, Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, декември 2020 и Одлуката за правила на студирање на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски институт –Скопје, декември 2022 јасно се наведени и детално елаборирани кој е предметот на оценување (колоквиуми, вежби, практична задача,семинасрски | |

трудови, теренска настава, есеи, проекти итн.), понатаму и детално се елаборирани и како се пријавува, како се изведува испитот, кои се испитните рокови, јавноста на испитот, изведување на испитите, поднесувањето на приговори и постапувањет по истите, комисиско полагање, завршно оценување и се наведени кои се обврските на засеганите страни/наставникот во целиот процес на оценување. Целата оваа рамка на оценување е доследно почитувана од вработените на Економскиот институт и тоа во секоја посебна студиска програма согласно нејзините специфики исто е дефинирано и утврдено.

Б. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите.

Кај секоја студиска програма јавно и транспарантно се презентирани начините на оценување на студентите кои овозможуваат да се демонстрира нивниот степен на постигнати резултати. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите.

В. Студентите добиваат повратни информации поврзани со совети за понатамошниот процес на учење

Студентите добиваат повратни информации поврзани со совети во текот на семестарот низ неколку фази. Најпрво добиваат повратна информација во врска со избраната тема за семинарска од двајцата наставници, по што следува повратна информација во однос на тезите по избраната тема на семинарска за дадениот наставен предмет. Во текот на изработката на тезите, студентите работат на нивно унапредување со насоки и корекции од страна на двајцата наставници. Исто така, изработената семинарска работа се праќа на наставниците, каде повторно студентие имаат повратна информација по електронски пат или консултации. Дополнително студентите добиваат повратната инсформација при полагање на испитот, каде покрај презентација и елаборирање на семинарската работа одговараат и на прашања од материјалот предвиден според наставната програма за соодветниот наставен предмет.

Студентите се известени за нивните оцени/резултати веднаш по завршување на испитот, со оглед на фактот што испитот се одржува најчесто усно пред двајца предметни наставници. Доколку се одвива писмено, резултатите се објавуваат неколку дена по исптитот и истите се достапни на огласна табла. Студентите имаат право на увидот или на договорени консултации, каде можат да добијат насоки како можат да го унапредат процесот на учење во соодветната наставна материја. Оценките исто така се објавуваат во електронскиот систем I-know.

Г. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето

Деталните начини/пристапи во оценувањето (по секоја студиска програма) се презентирани и во Елаборатите за акредитација на секоја студиска програма посебно. Тука јасно и детално за секоја студиска програма се елаборирани пристапите во оценување на студентите и нивната прилагоденсот согласно целите на секој посебен предмет. Во наставната прогрма по секој предмет може да се видат и наставниците кои го водат дадениот предмет, со што дополнително се придонесува кон унапредување на процесите на оценување на студентите

**Прилози**

Прилог 3.6.А. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Униврезитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - линк

Прилог 3.6.Б. Одлука за правила на студирање на втор циклус студии (постдипломски студии) на Униврезитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски институт –Скопје - линк

Прилог 3.6.В. Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Униврезитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - линк

Прилог 3.6.Г Правилата за студирање на едногодишни и двегодишни студии од втор циклус во Економскиот институт. - линк

Прилог 3.6.Д Елаборат за акредитација на студиска програма на трет циклус студии по Економски науки, 2021/2022. -линк

Прилог 3.6.Ѓ Елаборат за акредитација на студиска програма на трет циклус студии по Организациски науки и управување (менаџмент), 2021/2022. - линк

Прилог 3.6.Е Елаборати за акредитација на студиски програми на втор циклус на студии - линк

| | |
|---|---|
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

Правата на студентите се остваруваат согласно Одлука за правила на студирање на втор циклус студии (постдипломски студии) на Униврезитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски институт –Скопје, член 59 ги уредува, освен за прашањата за кои поинаку е утврдено со Правилникот или со правилата за студирање.

Процедурата започнува со барање за остварување на некое свое право, кое студентот го поднесува до директорот, во писмена форма, придружено со соодветна документација. Директорот одлучува во рок од 30 дена од приемот на барањето. Доколку директорот не одлучи во утврдениот рок, наредниот ден по истекот на рокот, студентот има право истото барање да го поднесе до Институтската управа, која е должна да одлучи на првата наредна седница од приемот на барањето. Против решението на директорот, студентот има право на жалба во рок од 15 дена од приемот на решението до Институтската управа, која е должна да одлучи на првата наредна седница од приемот на барањето. Решението на Институтската управа е конечно. Во име и за сметка на студентот, барањата за остварување на некое право може да ги поднесе и друго лице кое поднесува изјава дека настапува во име и за сметка на студентот.

| |
|---|
| Економскиот институт-Скопје има отворена политика на прием на жалби /пријави. Постои и отворена политика на Институтот со која се зема предвид и секоја жалба, пријава која е доставено по електронски пат или лично пренесена до било кој член од управата на Економскиот институт-Скопје. При секој допрен глас, менаџментот на Економскиот институт-Скопје го активира целиот законски поставен систем и сите процедури кои стојат на располагање.<br>Економскиот институт ја регулира процедурата за пријава на корупција согласно Правилникот за работата и надоместокот на овластено лице за прием на пријави на корупција на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.<br>Во последните 5 години, вклучувајќи ја и академската 2023/24, нема поднесено жалби од страна на студенти, вклучувајќи и корупција. |
| **Прилози**<br>Прилог 3.7.А. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје - линк<br>Прилог 3.7.Б. Одлука за правила на студирање на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски институт –Скопје - линк<br>Прилог 3.7.В. Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк<br>Прилог 3.7.Г Правилата за студирање на едногодишни и двегодишни студии од втор циклус во Економскиот институт. - линк<br>Прилог 3.7.Д Елаборат за акредитација на студиска програма на трет циклус студии по Економски науки, 2021/2022. -линк<br>Прилог 3.7.Ѓ Елаборат за акредитација на студиска програма на трет циклус студии по Организациски науки и управување (менаџмент), 2021/2022. - линк<br>Прилог 3.7.Е Елаборати за акредитација на студиски програми на втор циклус на студии - линк<br>Прилог 3.7.Ж. Антикорупциска програма на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. - линк |

## Стандард 4

| СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 4.1. Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Линк до веб страна на објавата. |
| При реализацијата на образовната дејност Економскиот институт-Скопје во целост го применува Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) наУниверзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во него јасно се утврдуваат сите релевантни аспекти за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв и на втор циклус студии (постдипломски студии), како и на интегрираните студии на првиот и вториот циклус на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“, Бр. 417/2019 година).<br>Во согласност со Законот за високо образование, Правилникот на УКИМ и Статутот на Економскиот институт-Скопје, Научниот совет, на седницата одржана на 26.5.2021 година, донесе Одлука за правила на студирање на втор циклус на студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски институт – Скопје („Универзитетски гласник“, Бр. 638, 30 декември 2022 година). Во Одлуката уште подетално се уредени и образложени релевантните аспекти во однос на вториот циклус на студии (постдипломски студии) кои се реализираат во Економскиот институт. Тие се однесуваат на уписните постапки, студентскиот календар, испитниот режим, напредувањето, инклузивно со условите за побрзо напредување, завршувањето на образованието, преминувањата помеѓу студиските програми, повторувањето на семестарот, презапишувањето на предмети, односно условното напредување, продолжувањето на студиите по прекинувањето, паралелното, интердисциплинарното и индивидуалното студирање, признавањето на испитите и другите студиски обврски положени на различни високообразовни установи, видот на исправите кои му се издаваат на студентот врз основа на евиденцијата определена со Законот за високото образование, постапката за заштита на правата на студентите, органите надлежни за водење на постапките и одлучувањето, дисциплинската одговорност и правата и должностите на студентите во | |

дисциплинската постапка и други правила поврзани со правата и должностите на студентите на Економски институт–Скопје. Активностите во однос на третиот циклус на студии (докторски студии) во Економскиот институ-Скопје се реализираат согласно Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Со овој правилник се регулираат организацијата, постапката, координацијата и реализацијата на докторските студии, потоа условите и начинот на запишување на студентите, структурата на студиите, постапката на пријавување, изработка и одбрана на докторскиот труд, како и називите на научниот степен доктор на науки

**Прилози**

Прилог 4.1.А. Одлука за правила на студирање на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски институт –Скопје - линк

Прилог 4.1.Б. Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк

Прилог 4.1.В. Анекс на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус на студии (постдипломски студии) на Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј” во Скопје - линк

Прилог 4.1.Г. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје - линк

| | |
|---|---|
| 4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот;<br>Доказ дека системот е функционален. |

Во Економскиот институт-Скопје следењето и водењето на евиденција за напредокот на студентите на втор циклус студии (постдипломски студии) се врши согласно дефинираната рамка во:

- Законот за високо образование(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18); (Прилог 4.2.А.)
- Правилникот за водење евиденции за високото образование, донесен од министерот за образование инаука,врз основа на член 201 став (4) од Законот за високото образование,(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 102/18); (Прилог 4.2.Б.)
- Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. (Прилог 4.2.В.)
- Анекс на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус на студии (постдипломски студии) на Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј” во Скопје; („Универзитетски гласник“, Бр. 689, 26 јуни 2024 година (Прилог 4.1.В)
- Одлуката за правилата на студирање на втор циклус на студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски институт – Скопје („Универзитетски гласник“, Бр. 638, 30 декември 2022 година (Прилог 4.2.Г.**)**

Согласно Член 159 од Законот за високо образование, Економскиот институт-Скопје води матична книги на запишани студенти, главна книга на дипломирани студенти и досие на секој студент. Тие се уредени со Правилникот за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти, донесен од министерот за образование и наука („Службен весник на Република Македонија“ бр. 102/18). Матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти се документи од трајна вредност.

Во согласност со наведените прописи (согласно член 159 од Законот за високо образование) во Економскиот институт-Скопје се води студентско досие (во електронска и хартиена форма), каде што може јасно да се види, односно да се следат сите активности поврзани со напредокот на студентот во текот на студирањето. Исто така, се води и матична книга на студентите, каде се наведени сите релевантни податоци за студентот, како и датумот на магистрирање, односно докторирање.

Воспоставениот електронски систем на евиденција - IKNOW СИСТЕМОТ на УКИМ, овозможува следење на напредокот на секој студент и на неговите активности низ процесот на студирање, како од страна на Економскиот институт-Скопје, така и на секој поединечен студент. Во овој систем секој вработен во Институтоти секој регистриран студент, по безбедносна автентикација, може да пристапи до информации за своите активности и напредокот во текот на студентскиот процес, согласно утврдените правила за пристап во системот и привилегиите кои му се дадени. Системот се ажурира во реално време.

Студентите на Економскиот институт-Скопје го користат IKNOW СИСТЕМОТ согласно Упатството за користење на интегрираниот систем за студентски сервиси iKnow, објавено на веб странатана Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Освен тоа, од страна на УКИМ обезбедено е и Корисничко упатство за професори.

**Прилози**

Прилог 4.2.А. Закон за високо образование - линк

Прилог 4.2.Б. Правилник за водење евиденции за високото образование - линк

| | |
|---|---|
| Прилог 4.2.В. Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк<br>Прилог 4.2.Г. Одлука за правила на студирање на втор циклус на студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски институт – Скопје - линк<br>Прилог 4.1.В. Анекс на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус на студии (постдипломски студии) на Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј” во Скопје - линк<br>Прилог 4.2.Д. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје - линк<br>Прилог 4.2.Ѓ. Правилник за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга на запишанистуденти и главна книга на дипломирани студенти - линк<br>Прилог 4.2.Е. IKNOW СИСТЕМ - линк<br>Прилог 4.2.Ж. Упатството за користење на интегрираниот систем за студентски сервиси iKnow - линк<br>Прилог 4.2.З. Корисничко упатство за професори | |
| 4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години. |
| Во Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 линк) и Одлуката за правила на студирање на втор циклус на студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски институт – Скопје („Универзитетски гласник“, Бр. 638, 30 декември 2022 година,линк ), подетално се елаборирани и уредени напредувањето за време на студиите, преминот од една програма во друга за време на студирањето, повторувањето на семестарот, презапишувањето на предмети, односно условното напредување, продолжувањето на студиите по прекинувањето,признавањето на испитите и другите образовни активности положени, односно реализирани на различни образовни установи, паралелното, интердисциплинарното и индивидуалното студирање.<br>Информации за определени образовни активности и реализирана мобилност се евидентираат во студентското досие (кое го води службата за студентски прашања). Ова досие се води за секој студент, при што се евидентираат сите претходни и сегашни образовни активности и мобилности. Постојат посебни процедури и евиденција на пријавите и реализираните мобилности на студентите (посебно оние кои се однесуваат на Еразмус). Во рамки на програмата ЕРАЗМУС+ К103 на Европската комисија, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”во Скопје секоја година распишува конкурс за доделување стипендии за студенти за студиски престој на високообразовните институции во ЕУ.Студентите на Економскиот институт се информираат за можноста за студентска мобилност на програмата ЕРАЗМУС преку веб страната на Институтот.<br>Согласно постојната регулатива во областа на високото образование нема правна обврска за евиденција и признавање на неформалното образование. Оттаму, Економскиот институт-Скопје нема евиденција за неформално образование. Независно од тоа, Институтот дава можност за неформално/практично образование на студентите во делот на научноистражувачката работа преку нивно вклучување во реализација на проекти, како и можноста за објавување на научни/стручни трудови (самостојно или во коавторство со професорите) во списанието „Економски развој“. За овие активности не се води посебна евиденција и истите не претставуваат задолжителна обврска за студентите. | |
| **Прилози**<br>Прилог 4.3.А Листа на студенти на кои им се признати неформалното и формалното учење, вклучувајќи и за време на мобилност<br>Прилог 4.3.Б Конкурс за студентска мобилност во рамки на ERASMUS+ програма - линк | |
| 4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, уверение и додаток на диплома |
| Студентите на Економскиот институт-Скопје по завршувањето на студиите добиваат документација во која се објаснува, односно се наведени сите релевантни информации за стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, стекнатиот степен на образование, содржината и статусот на успешно завршените студии.<br>Во Законот за високо образование - Оддел 5, Член 155 („Службен весник на Република Македонија” бр. 82/18) (Прилог 4.4.Б) е утврдена рамката и содржината на дипломата, уверението и додатокот на диплома. Содржината и формата на дипломата и упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи | |

определени со овој закон се уредени со посебен Правилник. Врз основа на Член 155 став 10 од Законот за високо образование, Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи донесува министерот надлежен за работите на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 102/18).
Документацијата која ја издава Економскиот институт - Скопје е согласно оваа законска регулатива и истата е сеопфатна, јасна и разбирлива, а документите кои се издаваат (дипломата, уверението и додатокот на диплома) ги содржат сите неопходни информации за завршените студии. Стручниот односно научниот назив со кој се стекнува студентот по завршување на студиската програма е наведен во Елаборатите и Решенијата за акредитација на стидиската програма.

**Прилози**
Прилог 4.4.А Пример на диплома, уверение и додадок на диплома
Прилог 4.4.Б. Закон за високо образование - линк
Прилог 4.4.В. Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи - линк

# Стандард 5

| СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[3] | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>Одлуки за избор во звање;<br>Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |

Наставно-научниот кадар на Економскиот институт-Скопје во делот на образованието во последните пет учебни години беше активно вклучен во реализација на настава на втор и трет циклус на студии. Ангажираниот наставен кадар забележа мали промени во однос на бројноста, односно вкупниот број на наставниците изнесуваше 18-20 лица. На почетокот на учебната 2022/2023 година работниот однос му престана на еден вработен од редот на редовните професори на негово барање (поради заминување на друга единица на УКИМ). Во октомври 2022 година Институтот изгуби уште еден редовен професор поради смрт. Во февруари 2024 година, еден редовен професор замина во пензија. Истовремено, дојде до релативно големи промени во однос на застапеноста на редовните и вонредните професори, како и на доцентите, кои беа придружени со забрзано демографско стареење на кадарот во услови на ограничени можности за вработување на наставен и соработнички кадар.
Според постојната состојба (30 септември 2024 година) Економскиот институт-Скопје има 19 вработени од кои 17 лица наставно-научен кадар и 2 лица избрани во соработничко звање (на возраст од 25-30 години). Наставниот кадар го сочинуваат 15 редовни професори (на возраст од 45 до 63 години, од кои 10 се стари 50+ години), 1 вонреден професор (на возраст од 38 години) и еден доцент (40 години). Во однос на структурата на постојниот наставен кадар може да се констатира дека денес Институтот располага со искусен и компетентен кадар, кој на последипломците и на докторантите може да им го пренесе своето долгогодишно и богато искуство при унапредувањето на нивните вештини и компетенции, но да им пренесе и знаење по основ на повеќедецениската научноистражувачка работа. Сепак, треба да се има предвид дека градењето на компетентен наставен кадар е долг процес и затоа треба да се интензивираат напорите за прием на нови наставници и соработници во насока на постепено ублажување на постојниот несразмерен сооднос на бројот на наставници од одделни звања.
Сите наставници кои ја реализираа наставата во учебната 2023-2024 година имаа звање доктор на науки од соодветната област и во Институтот се вработени со полно работно време.
Квалификации на наставниот кадар
Во процесот на ангажирање на кадрите Економскиот институт-Скопје во континуитет се залага за примена на

3 Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

највисоки стандарди. Во наставно-образовниот процес вклучен е кадар кој поседува соодветни квалификации стекнати во текот на образованието (на првиот и вториот циклус на студии и при изработката на докторските дисертации), како и со долгогодишната работа на научното поле и научната област во која се избрани.
Врз основа на информациите од Биографиите на ангажираниот наставен кадар (кои се однесуваат на профилот (вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање), како и податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати за последните пет години, претставени во Прилог 5.1.А, потоа Прилог 5.1.Б (каде се поместени линкови до Одлуката за последниот избор и Рецензентскиот извештај објавен во Билтен на УКИМ, за секој наставник и соработник), како и Прилог 5.1.В (кој се однесува на звањето и научната област во која е избран секој наставник и соработник), може да се констатира дека постојниот кадар одржува настава на предмети согласно образованието и/или областите на кои докторирале. Компетентноста на наставниот кадар во однос на ангажманот на одделни предмети е верификувана и со процесот на акредитација на одделните студиски програми.
Во споменатите прилози се верификува потенцијалот кој го поседува наставно-научниот кадар на Економскиот институт-Скопје. Врз основа на биографиите може да се согледа активното учество на секој наставник во процесите поврзани со унапредување на компетенциите и вештините, како и на квалификациите за реализација на студиските програми. Во овој процес од не помала важност е континуираната вклученост на наставниот кадар во научноистражувачката работа на Институтот (објавувањето на посебни публикации и научни трудови, кои се користат како основна или дополнителна литература во наставата), како и соработката и размената на искуства со наставно-научен кадар од сродни високообразовни и научни институции, во земјата и во странство.
Согласно Статутот на Економскиот институт-Скопје за организирање на вториот циклус на студии – последипломски студии, се формира Наставно-научен колегиум на студиските програми за втор циклус на студии, кој го сочинуваат наставниците кои изведуваат настава по предметите кои се утврдени во студиските програми (Прилог 5.1.В). Колегиумот при подготовката на студиските програми за втор циклус на студии прави избор на наставниците кои ќе бидат ангажирани на одделни предмети согласно квалификациите, односно научните области согласно образованието и/или областите на кои докторирале, а се компетентни да се вклучат во наставно образовниот процес.

**Прилози**

Прилог 5.1.А. Биографии на ангажираниот наставен и соработнички кадар
Прилог 5.1.Б. Одлуки за избор во звање
Прилог 5.1.В. Квалификации на наставниот кадар
Прилог 5.1.Г Преглед на предмети кои кадарот ги предавал во последните 5 години

| | |
|---|---|
| 5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2 т.21 од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |

Во учебната 2023-24 година публикувани се 7 научни трудови кои подлежат на рецензија и се индексирани во најмалку една електронска база достапна на интернет (Прилог 5.2.А). Во Прилог 5.2.Б. дадена е листата на научните трудови објавени во учебната 2023-2024 година, во референтни научни публикации (согласно член 2, т. 21 од ЗВО) со линк до публикациите.
Економскиот институт-Скопје во своето 70 годишно постоење континуирано ја унапредуваше својата издавачка дејност. Во последните пет години овој тренд продолжи во сите сегменти, а евидентен е зголемениот ангажман на наставно-научниот кадар во објавувањето на трудови во референтни научни публикации. Во последните 5 години бројот на објавени публикации на Економскиот институт беше збогатен со 10 нови наслови, меѓу кој и монографија под наслов „70 години Економски институт-Скопје“, по повод седумдецениското постоење. Сите наслови на изданијата на Институтот се претставени во Прилог 5.2.В. Дел од посебните публикации објавени во Економскиот институтот и во други институции, (Прилог 5.2.В), се наменети и како учебници за постдипломски и докторски студии.
Наставно-научниот кадар на Економски институт резултатите од своите истражувања ги објавува и презентира во различни публикации, пред се водејќи сметка на поделбата на публикациите согласно Законот за високо образование. Особено вреди да се истакне фактот дека се почесто публикациите се пишуваат и објавуваат на англиски јазик, во научни списанија каде трудовите подлежат на рецензија и се индексирани во најмалку една електронска база на списанија достапна на интернет (Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија). Така научните публикации се достапни на студентите на втор и трет циклус на студии како во земјата така и во странство, како и на пошироката јавност која ќе покаже интерес за истите.
Веќе 26 години, Економскиот институт – Скопје издава свое научно списание под наслов „Економски развој“, во кое се публикуваат научни трудови од домашни и од странски автори. Од 2010 година, списанието прерасна во списание со

меѓународен уредувачки одбор, составен од 9 члена, од кои 5 се професори и експерти од други земји: Италија, Србија, САД, Турција и Бугарија. Списанието, насловено Economic Development се објавува на англиски јазик, индексирано е во базата на податоци на EBSCO и CEEOL, а е достапно на веб страницата на Економскиот институт- Скопје. Секоја година списанието издава 3 публикации. Особено значајно е и досегашното искуство тоа го потврдува, дека студентите се поттикнуваат своите истражувања кои ги подготвуваат во текот на последипломските и докторските студии да ги објавуваат во ова списание. Оваа практика е релевантен показател за развојот на студентите, како во насока на истражувачи, така и во стекнување на знаења за пишување на научно-истражувачки трудови во референтни списанија и други публикации.

Од 2015 година, во соработка со институциите членки на меѓународната асоцијација SEEA (Економски институт-Сараево; Економски институт-Загреб; Универзитет на Црна Гора, Економски факултет, Подгорица; Економски институт-Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"; Институт за економски истражувања, Љубљана и Институтот за економски науки, Белград) започна да се издава публикација под наслов "The SEE-6 Economic Outlook". Тоа е меѓународна публикација во која се претставени резултати од истражувања на најновите економски трендови и краткорочни макроекономски индикатори на 6 земји членки: Хрватска, Словенија, Република Северна Македонија, Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора. Во периодот 2019-2024 година беа објавени 10 броја на *SEE-6 Economic Outlook* во кои со свои трудови учествуваа и дел од наставно-научниот кадар на Институтот. Од 2019 година SEE-6 Economic Outlook се публикува двапати годишно. И овие публикации се објавуваат на англиски јазик и се достапни на интернет страната на Економски институт – Скопје.

Наставно-научниот кадар во периодот 2019-2024 година свои трудови објавувал и во научни списанија во кое трудовите се рецензирани и кое има меѓународен уредувачки одбор со членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не надминува две третини од вкупниот број на членови. Така, евидентирани се 2 (два) труда објавени во извештајниот период. (Преглед 5.2.В. Преглед на објавени посебни публикации во периодот 2019 – 2024 година).

Во периодот на последните 5 години (2019-2024 година), наставно-научниот кадар објавил 6 научни труда во научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД. Освен тоа, објавени се три книги, односно делови од книга, рецензирана и објавена во земја членка на ЕвропскатаУнија и/или ОЕЦД.

Во периодот 2019-2024 година наставно научниот и соработничкиот кадар на Економскиот институт со свои трудови учествувал на голем број меѓународни академски собири, а нивните рецензирани научни трудови се објавени во зборници на трудови. Во голем број, најправин се објавени абстрактите (abstract и extendent abstract), на презентираните трудови, а во зависност од правилата за објава на презентирани трудови на меѓународните академски собири, некои се објавени во зборник на трудови, додека други се публикуваат во списанија како редовни или посебни изданија. Така, во зборник на рецензирани научни трудови, се објавени вкупно 18 рецензирани научни труда. (Преглед 5.2.Г.).

Значителен придонес за објавувањето на научни публикации од страна на научниот кадар на Економскиот институт- Скопје, бележат и објавените рецензирани учебници и монографии во земјата и во странство. Така, во периодот 2019-2024 година објавени се вкупно 20, од кои 3 (три) се рецензирани учебници, 5 (пет) се делови од монографии објавени во странство, а останатите се публикации во кои се презентирани резулати од реализирани проекти.

Што се однесува на индивидуалните податоци за секој вработен со наставно-научно и соработничко звање, за секоја од споменатите категории, истите се претставени во рамки на нивните биографии (Прилог 5.1.А).

Врз основа на овој сумарен преглед на објавените посебни публикации и научни трудови во референтни научни публикации на наставно-научниот и соработничкиот кадар на Економскиот институт-Скопје може да се констатира дека во периодот 2019-2024 година е забележан позитивен тренд на промени и богата научноистражувачка активност. Притоа, треба да се има предвид релативно малиот број на вработени во Институтот и мошне ограничените финансиски ресурси за научноистражувачка работа.

**Прилози**

Прилог 5.2.А. Број на објавени трудови во референти научни публикации од страна на наставниот кадар во установата

Прилог 5.2.Б. Листа на објавени трудови во референтни научни публикации

Прилог 5.2.В. Преглед на објавени посебни публикации во периодот 2019 – 2024 година

Прилог 5.2. Г. Преглед на бројот на објавени научни трудови во периодот 2019 – 2024 година

| | |
|---|---|
| 5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*[4]*;*<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните пет години;<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години |

4 Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

| | |
|---|---|
| | (доколку е применливо);<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |

Во наставниот процес кадарот на Економскиот институт е вклучен во реализација на образовни активности на втор и трет циклус на студии. При ангажирањето на наставниот кадар се води сметка за неговата оптовареност согласно Законот за високо образование (член 161). Прегледот на бројот предметите кои секој наставник ги предавал во текот на годината (по семестри) на втор и трет циклус на студии е прикажан во прилог 5.3.А (Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавал на сите циклуси на студии). Во делот на наставните активности Економскиот институт-Скопје ги пресретнува и пропишаните акти од Колективниот договор за високо образование и наука (член 34), а кои во делот на наставните часови може да изнесуваат максимум 6 наставни часа неделно, односно максимум 180 наставни часа годишно.

Врз основа на прегледот (Прилог 5.3.А.), може да се констатира дека станува збор за релативна избалансираност на оптовареноста на наставниот кадар на вториот циклус согласно поставените норми и стандарди. Таа е условена од малиот број на запишани студенти и трендот на намалување на нивниот број од година во година, како и на нивната различна ориентираност кон студиските програми во одделни години. Во однос на оптовареноста на наставниот кадар на Институтот на третиот циклус на студии, која исто така е согласно поставените норми и стандарди, значајно е да се укаже дека докторантите за секој предмет на докторски студии имаат можност да изберат од листа на повеќе професори. Во вакви околности релативно мала е можноста за поголема оптоваренот, односно зголемен индивидуален ангажман на еден наставник во текот на семестарот.

Во делот на менторствата, исто така, се води евиденција да не се надминуваат пропишаните одредби во Законот за високо образование (член 134 и член 135), според кои еден наставник може да има 12 менторства на втор циклус студиии и 3 менторства на трет циклус на студии (Прилог 5.3.Б).

Број на часови на наставниот кадар

На втор циклус на студии во Економскиот институт-Скопје во извештајниот период се реализираа осум акредитирани студиски програми, кои имаа за цел да ги пресретнат потребите и барањата на пазарот на трудот. На сите студиски програми беа реализирани едногодишни (4+1, 60 кредити, два семестри) и двегодишни студии (3+2, 120 кредити, четири семестри), со различен број на часови за задолжителните и изборните предмети. Имено фондот на часови (предавања и вежби) по задолжителни предмети изнесува 60 часа на програмите 4+1 (30 часа предавања и 30 часа вежби) и 60 часа на програмите 3+2 (30 часа предавања и 30 часа вежби). Фондот на часови (предавања и вежби) за изборните предмет, пак, изнесува 30 часа (15 часа предавања и 15 часа вежби) за (4+1) и за (3+2). Ваквиот фонд на часови по одделни предмети соодветствува на очекуваниот стручен профил што треба да го добие секој студент по завршувањето на избраната студиска програма и овозможува признавање на соодветниот профил од страна на други универзитети.

Индивидуалниот ангажман на наставниот кадар во Економскиот институт-Скопје според бројот на часови, на вториот и третиот циклус на студии,треба да се посматра во контекст на претходно изнесените информации во однос на бројот на предмети по наставник во текот на еден семестар (Преглед 5.3.А), како и бројот на запишани студенти на одделни студиски програми. Со поставувањето на бројот на предмети кои секој наставник ги предавал во текот на годината (по семестри) на вториот циклус на студии и бројот на предвидени часови за секој предмет (кои се претставени одделно за секоја едногодишна и двогодишна програма на веб сајтот на Институтот - линк: https://www.ek-inst.ukim.edu.mk/vtor-ciklus-studii-programi/), покажува дека немало голема оптовареност на наставниот кадар од аспект на бројот на реализираните часови. Во прилог на оваа констатација, треба да се укаже дека на секој предмет на вториот циклус на студии предвидените активности (предавања, вежби, консултации, одржување на испити) ги реализираат по два наставника.

Освен тоа, во овој контекст треба да се има предвид и Одлуката на Наставно научниот совет за реализација на консултативно - инструктивна настава (Одлука бр. 02-1739/1, од 21.12.2018 година). Согласно оваа одлука консултативно - инструктивна настава може да се применува кога има мали групи на студенти. Во последните години на сите студиски програми беа запишани вкупно 24 студенти (2020/2021 година), 19 (2021/2022), 14 студенти (учебна 2022/2023 година) и 22 студенти (учебна 2023/2024), при што на дел од студиските програми имаше и помалку од 5 студенти. Освен тоа, со оваа одлука се обезбеди дополнителна погодност за запишаните студенти на вториот циклус на студии од други општини (надвор од градот Скопје).

Економскиот институт-Скопје има најмалку 10 лица во наставно-научно звања во работен однос со полно работно време. Список на лица избрани во наставно-научни звања во редовен работен однос со полно работно време во Институтот е прикажан во Прилог 5.1.Б.

**Прилози**

Прилог 5.3.А. Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавал на сите циклуси на студии

Прилог 5.3.Б. Преглед на менторства на втор и трет циклус на студии по наставник

Прилог 5.3.В. Одлука на наставно научниот совет за реализација на консултативно-инструктивна настава

Прилог 5.1.Б. Одлуки за избор во звање

| | |
|---|---|
| 5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани |

| | |
|---|---|
| работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години). Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна. |

При вработувањето на наставен и соработнички кадар, како и при изборите, реизборите и унапредувањето на наставниците и соработниците, Економскиот институт-Скопје во целост ги почитува критериумите, стандардите и обврските кои што произлегуваат од Законот за високо образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Статутот на Економскиот институтот-Скопје, Правилникот за систематизацијата на работните места во Економскиот институт, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручнии соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Од аспект на ангажирањето, односно вработувањето на нов наставен и соработнички кадар Институтот доследно ги почитува строгите законски нормативи, грижејќи се за квалитетно и навремено спроведување на постапките согласно предвидените рокови. Во прилог 5.4.А дадена е листа на лицата избрани во настано-научни звања во учебната 2023-2024 година.

Прегледот на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кој се однесува на периодот 2019-2024 година, потврдува дека во Економскиот институт-Скопје се воведени транспарентни, јасни и во согласност со законските нормативи, процеси на унапредување, односно избор на наставниот кадар во повисоки звања и на постапки за нови вработувања на наставници и соработници кои овозможуваат еднакви можности. Во прегледот хронолошки се претставени објавените конкурси, бројот на пријавени кандидати и бројот на избрани кандидати во последните пет години (Прилог 5.4.Б). Притоа, забележливо е дека на секој конкурс се пријавило по едно лице, односно дека немало противкандидати кои аплицирале на истиот конкурс, а со тоа и немало постапки по приговори од останати кандидати. Независно од тоа, постапката и роковите се целосно почитувани и се во согласност со актите за напредување на постојниот наставен кадар и вработување на нови наставници и соработници.

Во насока на транспарентност на постапките за избор на наставниот кадар во повисоки звања и за нови вработува сите рецензентски извештаи за избор заедно со одлуката за избор може да се најдат онлајн на профилите на сите избрани лица на веб страницата на Институтот (https://www.ek-inst.ukim.edu.mk/kadar/).

Во овие документи јасно се претставени аргументите зошто била избрана во повисоко звање или вработена одредена личност во научно или соработничко звање и да се провери исполнетоста на критериумите за направениот избор. Денес повеќе од четири петтини (15 лица или 80%) од наставниот кадар во Економскиот институт се редовни професори чии избори беа верификувани на Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Континуирано унапредување на праксата за да кореспондира со утврдените критериуми

Во насока на доследна примена на измените во регулативата и на актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институтот континуирано ги ревидира актите со кои се регулираат сите сегменти на неговото делување, вклучително и процесите на избор во звања и нови вработувања кои овозможуваат еднакви можности. Во последните пет години дојде до големи промени во делот на законските нормативи. Имено, по донесувањето на новиот Закон за високо образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), усвојувањето на новиот Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“, бр. 444 од 9.10.2019 година) и промената на другите акти на Универзитетот, следеше процес на усогласување на сите релевантни акти со кои се доуреди внатрешната организациска поставеност на Економскиот институт-Скопје. Притоа беа донесени следните акти:

- Статут на Економскиот институт-Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“, бр. 447 од 10.10.2019 година);
- Правилник за внатрешната организација на Економскиот институт-Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“, бр. 327 од 15.2.2016 година);
- Правилник за систематизација на работните места на Економскиот институт-Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Анекс бр. 24 („Универзитетски гласник“, бр. 433 од 5.9.2019 година);
- Колективен договор за високо образование и наука („Службен весник на РСМ“ бр. 102 од 7.5.2021 година);
- Одлука за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски институт-Скопје (Одлука бр. 02-389/2 од 27.4.2022 година).

Сите овие акти може да се најдат на веб сајтот на Економскиот институт-Скопје - линк: https://www.ek-inst.ukim.edu.mk/akti-i-dokumenti/

Кадровската политика на Економскиот институт-Скопје во последните години беше насочена кон реализација на транспарентни постапки за напредување на постојниот наставен кадар согласно законските нормативи, актите на Универзитетот и актите на Институтот, како и добивање на согласности за вработување на нов наставен и соработнички кадар. При процесите на селекција и избор во целост се почитува Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручнии соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (https://www.ek-inst.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2022/07/Pravilnik-za-izbor-vo-naucno-zvanje.pdf), каде се пропишани сите детали околу критериумите за избор, а кои првенствено се базираат на квалитет при изборот во повисоки звања на постојниот кадар и вработување врз основа на еднакви можности. Во прилог на транспарентноста на овие постапки на веб страницата на Институтот за секој од избраните кандидати, на профилот на секој од постојно ангажираниот наставно-научен и соработнички кадар објавени се рецензентските извештаи и одлуките за последниот избор (https://www.ek-inst.ukim.edu.mk/kadar/).

**Прилози**
Прилог 5.4. А. Преглед на лица избрани во наставно-научни, научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања 2023-2024 година
Прилог 5.4.Б. Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања во периодот 2019-2024 година
Прилог 5.1.Б. Одлуки за избор во звање

| | |
|---|---|
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање);<br>Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |

Обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот и соработничкиот кадар е регулирано со Статутот (линк) и другите релевантни акти на Економскиот институт-Скопје. Во постојните простории Економскиот институт-Скопје делува околу три децении и во континуитет настојува да го прилагоди расположливиот простор (од околу 500 м2) и да ги унапреди материјално-техничките услови за работа, како на наставниот и соработничкиот кадар, така и на вработените во административниот сектор. За реализација на образовниот процес наставниот кадар има на располагање две сали - голема сала во која се одржуваат предавања и одбрани на магистерски и докторски трудови и мала сала каде се одржуваат предавања за помали групи на студенти (до 15 лица), презентации на семинарски трудови и консултации со студенти. Двете простории (сали) се опремени со телевизор, проектор, флип чарт, табла, компјутерска и комуникациска опрема. Освен тоа, Институтот располага со 12 канцеларии (од кои 8 се кабинети за наставниот и соработничкиот кадар), 1 библиотека, 2 магацински простории и 2 чајни кујни. Канцелариите се опремени со релативно нов канцелариски мебел (бироа, столици, помошни масички и сл.), како и клима уреди (Прилог 5.5.А)

Во наставно-образовната дејност Економскиот институт од самиот почеток користи информациско-комуникациски технологии (ИКТ). Сите наставници, соработници и административниот кадар користат современи компјутери (десктоп и/или лаптоп, односно преносни компјутери). Денес Институтот располага со функционална информатичка и друг вид на опрема која ја сочинуваат: 31 десктоп компјутери, 45 лаптопи, односно преносни компјутери, 25 печатачи, 5 фотокопири, 2 ЛЦД проектори, 5 скенери и 2 WiFi (рутери) (Прилог 5.5.Б). Компјутери со софтверска подршка, интернет пристап и безжичен интернет се достапни во сите сали и канцеларии, односно во сите простории на Институтот. Институтот ги користи интернет мрежите на Телеком и А1.

Библиотеката на Економскиот институт-Скопје располага со голем библиотечен фонд за речиси сите научни области од Економските науки, Организациски науки и управување (менаџмент) и Демографијата, кои секоја година се надополуваат со нови наслови. Во последните години преку размена беа добиени 10 наслови на странски списанија, а библиотелниот фонд е збогатен и со голем број наслови на книги (околу 150 наслови во последните 5 години), вклучително и магистерски и докторски трудови одбранети во Економскиот институт – Скопје. Работата на библиотеката е од затворен тип, односно главни корисници на библиотечниот фонд се вработените, како и студентите на вториот циклус на студии и докторантите на Институтот.

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на сите единици им овозможува електронски пристап до седум (7) научни бази. Линковите за лиценциран електронски пристап до сите седум (7) научни бази, може да се најдат наин тернет страната на Универзитетот. За научниот кадар и соработниците на Економскиот институт, како мошне значаен може да се издвои пристапот до:

- EBSCONet - водечка електронска библиотека која овозможува пристап до повеќе бази на податоци за истражување, е-списанија, е-книги и сл. https://search.ebscohost.com/
- ElgarOnline платформа на издавачката куќа Едвард Елгар;
- MSP Journals, од областа на математика, и други поврзани области;
- OpenEdition е дигитален академски портал во научните подрачја на општествените и хуманистичките науки;
- Cambridge Core Journals https://www.cambridge.org/core

Со библиотечното работење се опфатени следниве активности: спроведување на техничка и компјутерска обработка на библиотечниот материјал и негова евиденција согласно важечките библиотечни стандарди; следење и применување на правилата и прописите од областа на библиотечното работење; подготвување на одбранети магистерски и докторски трудови за испраќање во НУБ „Св. Климент Охридски“; активности во врска со работењето на Уредувачкиот одбор за издавање на списанието „Economic development“ („Економски развој“) и други активности.

Постапка за обезбедување соодветни услови за наставниот кадар

Во Програмата за работа на Економскиот институт-Скопје за периодот 2022-2025 година (линк) меѓу другото е истакната заложбата за одржување на добри просторни услови за работа и нивно постојано унапредување, потоа овозможување на услови за дигитализација на Институтот во сите негови организациски делови и дејности, како и изнаоѓање средства и програми за финансирање обуки и тренинзи за унапредување и развој на кариерите на сите вработени. Согласно оваа програма континуирано се утврдуваат потребите за тековно унапредување на условите за работа на наставниот и соработничкиот кадар. Тие се реализираат преку годишни планови кои се усвојуваат, а по потреба и се ревидираат, со одлуки на Институтската управа и на Наставно-научниот совет. Врз основа на годишните планови се прави план на јавни набавки, кој се спроведува согласно законската регулатива, а се проследени со транспарентни постапки за кои се изработуваат и соодветни извештаи. Овие извештаи се разгледуваат на Институтската управа и се усвојуваат на Научниот совет. Повеќе информации за јавните набавки на Економскиот институт-Скопје може да се најдат на веб страницата на Институтот (https://www.ek-inst.ukim.edu.mk/javni-nabavki/). Во извештајниот период, најголем број од прашањата кои беа предмет на одлучување на седниците на Институтската управа се однесуваат на јавните набавки, односно донесување на Планот за јавни набавки, и на голем број на одлуки за отпочнување на постапки за јавни набавки. Во насока на обезбедување на соодветни услови за наставниот кадар, во периодот 2018-2023 година во Економскиот институт беа реализирани следните набавки: во 2019 година беа набавени 30 лаптопи и ЛЦД ТВ, со средства од проектот ХЕЛИКС; во 2021 година беа набавени два компјутери и 30 слушалки (од сопствени приходи) и алат за работа со средства од Буџетската сметка; во 2023 година беше набавен канцелариски мебел (биро и столица) со средства од сопствени приходи (Прилог 5.5.В).

**Прилози**

Прилог 5.5.А. Преглед на просторни услови за реализација на студиските програми

Прилог 5.5.Б. Преглед на функционална информатичка и друг вид на опрема во Економски институт – Скопје

Прилог 5.5.В. Попис на информатичка и друг вид на опрема во Економски институт – Скопје, обезбедена во последните 5 години (со вредност на опремата и извори на финансирање)

| | |
|---|---|
| 5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма .<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните пет години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |

Економскиот институт-Скопје нема посебен Правилник за стимулирање на професионалното усовршување на наставниот кадар, односно тоа е регулирано со Статутот на Економскиот институт (член 70, 71 и 72) линк. Имено, програми за стручно, односно професионално усовршување Институтот може да организира во рамки на концептот на доживотно учење согласно закон, со Статутот и другите акти на Универзитетот. Одлука за овие активности донесува Наставно-научниот совет по предлог на Институтската управа. Со одлуката за организирање на вакви програми се уредуваат условите за запишување, за следење и за завршната проверка на знаење на лицата што ги посетувале овие програми, како и цената што ја плаќаат за нивна посета. Исто така, Економскиот институит може да организира различни облици на неформално учење (обуки, курсеви, летни школи, работилници и сл.) во согласност со закон.

Со Статутот на Економскиот институт-Скопје (член 72) се уредува правото на наставниците, односно лицата избрани во наставно-научни и соработнички звања вработени во Институтот, на секои пет години да може да им се одобри платено отсуство во траење до една година, односно неплатено отсуство во траење до три години заради стручно, односно научно усовршување во соодветна научна област или за престој на високообразовна или научна установа со статус во наставно-научно или научноистражувачко звање. Лицата што користат платено отсуство во траење од една година може да користат неплатено отсуство уште две години. За овие отсуства одлучува Наставно-научниот совет на предлог на Одделението каде што припаѓа наставникот, односно соработникот согласно изборот во звање. Во предлогот се наведува дека за време на отсуството е обезбедена замена, а платеното/неплатеното отсуство се користи согласно Програма која на предлог на лицето/а ја донесува Наставно-научниот совет. Во Предлогот треба да биде наведена областа на усовршување, односно на истражување, времетраење на престојот, очекувани резултати, назив на установата за престој и сл. Лице избрано во наставно-научно и во научно звање на шест години извршена работа има право на продлабочување на усовршувањето кое е предмет на негово истражување во траење од најмногу 12 месеци. Во овој период педагошката обврска (држење настава) се прераспределува на други наставници, при што нивната оптовареност не смее да се зголеми за повеќе од една третина.

Поставена пракса на активности насочени кон унапредување на наставниот кадар

Во последните години активностите на Економскиот институт-Скопје, насочени кон унапредување на наставниот кадар беа

реализирани во услови на мошне ограничени финансиски средства за оваа намена и континуирани напори за обезбедување на дополнителни средства од различни извори. Притоа, беа реализирани следните обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава:
а) Обуки/тренинзи за наставниот кадар финансирани од Економскиот институт-Скопје.
- Во перодот од 4 Мај до 9 Јуни и од 4 до 9 Октомври 2023 година, проф. д-р Мустафа Озер од Универзитетот Анадолу, FEAS, Оддел за економија, Ескишехир, Република Турција, како визитинг наставник, спроведе обука за „Основна економетријаи временска серија“ (Basic Econometrics and Time Series), област: Економетрија. Таа беше наменета за студентите на вториот циклус на студии како и за подигнување на истражувачкиот капацитет на младите истражувачи во Институтот.
б)Обуки/тренинзи за наставниот кадар финансирани од други установи/институции/организации.
-на 23 септември 2021 година, се одржа обука за наставниот кадар користење на iLearn-платформата, финансирана од УКИМ на тема „Можности за учење на далечина со користење на дигитална платформа”.
-Во периодот 11-13 септември 2023 година, двајца професори од Институтот беа учесници на ЕОСЦ тренинг наменет за земјите на Западен Балкан и Украина, поддржан од проектот EOSC Future во Охрид, финансиран од проектот EOSC Future

**Прилози**

Прилог 5.6.А Извештај на Директорот за работата на Економски институт – Скопје за периодот 27.6.2020-26.6.2021 година, бр.02-704/1 од 2.7.2021 - линк
Прилог 5.6.Б Извештај на Директорот за работата на Економски институ-Скопје за периодот 27.6.2021- 26.6.2022 година, бр.01-730/1 од 04.07.2022- линк
Прилог 5.6.В Извештај на Директорот за работата на Економски институ-Скопје за периодот јуни 2022-јуни 2023 година - линк
Прилог 5.6.Г Извештај на Директорот за работата на Економски институт – Скопје за периодот 27.6.2023 – 26.6.2024 година, бр. 01-678/1 од 1.7.2024 година - линк

| | |
|---|---|
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |

Во учебната 2023-2024 учебна година за жал, не се реализираше посета на визитинг наставници во рамки на реализацијата на студиската програма. Искуството од изминативе години, кога се реализираа предавања и настава на визитинг наставници,афирмирани научници како и стручњаци од практиката во земјата и странство, како на вториот циклус на студии, така и во рамки на третиот циклус на студии, покажа дека предавањата на визитинг кадарот донесоа додадена вредност за студиските програми на кои беа реализирани. Дополнително, особено значајно е што како резултат на визитинг наставата и соработката со проф. д-р Мустафа Озер во текот на 2022/2023 учебна година, оваа учебна година, поточно во периодот од 7-13.8.2024 година во Охрид се организираше и успешно се реализира меѓународна летна школа за економетрија. (https://www.ek-inst.ukim.edu.mk/international-summer-school/). Позитивното искуство и задоволството на учесниците укажуваат дека ваков настан треба да продолжи да се организира и во следните години. Токму затоа, значајно е во иднина да се обезбедат како финансиски, така и организациски ресурси за да се реализира одредено визитинг предавање.
Од особено значење за Економскиот институт – Скопје, оваа учебна година е потпишаниот меморандум за соработка со проф. д-р Ulf Brunnbauer, директор на Институтот за истражување на Источна и Југоисточна Европа (IOS) од Лајбниц – Германија, во поглед на остварувањето на заедничка соработка, која би се одвивала преку реализација на заеднички научно-истражувачки проекти, организирање на конференции, заеднички публикации и взаемна поддршка во образованието на студентите и визитинг професори.
Во последните пет години во студиските програми на втор и трет циклус на студии, предавања одржале неколку гости предавачи (експерти и надворешни соработници), од реномирани странски универзитети и институти.
а) Втор циклус на студии
- На повеќе студиски програми на вториот циклус студии, во периодот 4 Мај до 9 Јуни и од 4 до 9 Октомври 2023 година беше ангажиран проф д-р Мустафа Озер, редовен професор на Универзитетот Анадолу, FEAS, Оддел за Економија, Ескишекир, Турција. Како визитинг професот, проф. Озер спроведе обука „Основи на применета економерија“ во насока на поттикнување на истражувачките капацитети на студентите и младите истражувачи“.
- Во април 2022 година беше одржано предавање на тема: “ Leadership and Stategic Change” од гостин предавач, проф. Виолина Ратчева од Универзитетот за менаџмент во Варна, Република Бугарија.
- Во декември 2021 година е одржано предавање на тема „Do the test, don’t waste! A short overview of the tool for testing digital business idea“од страна на проф. Владимир Симович-гостин предавач од Институтот за Економски науки во Белград, Србија

б) Трет циклус на студии
Преку Докторската школа, студентите од третиот циклус студии имаа можност да присуствуваат на предавањата на неколку гости предавачи од странски универзитети:
- На 26.4.2022 година и 27.4.2022 преку Универзитетската школа на докторски студии, за студентите на трет циклус студии – докторски студии се одржа дводневно предавање во живо на професорот Бенџамин Грег од Универзитетот во Тексас.
- На 30.30.2022 преку Универзитетската школа на докторски студии, за студентите на трет циклус студии – докторски студии се одржа онлине предавање на проф. Jacob Chakareski,Associate Professor in the College of Computing at the New Jersey Institute for Technology (NJIT), САД.
- На 11.11.2021 преку Универзитетската школа на докторски студии, за студентите на трет циклус студии – докторски студии се одржа онлине предавање на проф. д-р Кирил Трпков од Универзитетот во Калгари, Канада
- На 24.09.2021 преку Универзитетската школа на докторски студии, за студентите на трет циклус студии – докторски студии се одржа on line предавање на Paul Stubbs од Економскиот институт во Загреб. Хрватска.
Профилот е релевантен за студиската програма и носи дададена вредност
Биографиите на ангажираните визитинг наставници во текот на реализацијата на студиските програми на вториот и третиот циклус на студии недвосмислено потврдуваат дека станува збор за афирмирани научници и стручњаци во научните области. Нивниот ангажман како гости предавачи и реализираните предавања, кои соодветствуваа на студиските програми, претставуваа значајна дададена вредност за студентите.
Иако беше предвидена активна вклученост на поголем број визитинг професори, нивниот број не беше голем, поради новонастанатите околности со Ковид пандемијата во последните години, како и нивната збиена агенда и договорен ангажман во пост-Ковид периодот. Независно од тоа, предавањата на визитинг кадарот донесоа дададена вредност за студиските програми на кои беа реализирани.

**Прилози**
Прилог 5.7.А**.** Биографии на гости предавачи на втор циклус на студии
Прилог 5.7.Б Извештај на Директорот за работата на Економски институт – Скопје за периодот 27.6.2020-26.6.2021 година, бр.02-704/1 од 2.7.2021(линк)
Прилог 5.7.В Извештај на Директорот за работата на Економски институ-Скопје за периодот 27.6.2021- 26.6.2022 година, бр.01-730/1 од 04.07.2022 - линк
Прилог 5.7.Г Извештај на Директорот за работата на Економски институ-Скопје за периодот јуни 2022-јуни 2023 година - линк
Прилог 5.7Д Извештај на Директорот за работата на Економски институт – Скопје за периодот 27.6.2023 – 26.6.2024 година, бр. 01-678/1 од 1.7.2024 година - линк
Прилог 5.7.Ѓ Гости предавачи од странски универзитети на трет циклус на студии - линк

| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |
|---|---|

Мобилноста е една од можностите за унапредување на истражувачките и педагошките капацитети на наставно-научниот кадар на Економскиот институт-Скопје. Во таа насока, во последните пет години Институтот настојуваше да создаде што повеќе можности за своите вработени и студентите (на вториот и третиот циклус) за нивно активно вклучување во меѓународни активности преку мобилност во рамки на Еразмус + договорите и воспоставените мрежи на соработка со сродни високообразовни и научни установи.
а) Мобилност на наставен кадар

- ✓ По Конкурсот во рамки на програмата ЕРАЗМУС + Акција 1: Индивидуална мобилност за студенти и наставен кадар за академската 2022/23 година, се пријави еден кандидат–д-р Татјана Петковска-Мирчевска, редовен професор на Економски институт – Скопје, УКИМ, која реализираше престој на Универзитетот во Љубљана, Република Словенија.
- ✓ По Конкурсот во рамки на програмата ЕРАЗМУС + Акција 1: Индивидуална мобилност за студенти и наставен кадар за академската 2018/19 година, се пријави еден кандидат- д-р Климентина Попоска, редовен професор на Економски институт – Скопје, УКИМ, која реализираше престој на Универзитетот во Љубљана, Република Словенија.

Проекти
Научно истражувачката работа на Економскиот институт – Скопје е во насока на идентификување на условеноста и предлагање на решенија за актуелни прашања од научните области на економските науки, организациските науки и управување (менаџмент) и демографијата. Во последните децении, вклучително и извештајниот период, научната работа, меѓу другото, беше насочена и кон зајакнување на поврзаноста на науката и наставата. Институтот создава можности и ги поттикнува студентите активно да се вклучат во делот на научноистражувачката работа при реализација на проекти, како и за објавување на научни/стручни трудови (самостојно или во коавторство со професорите) во списанието „Економски развој". Со овие

активности тие стекнуваат искуство во делот на научноистражувачката работа, кое им е неопходно при подготовка на магистерските трудови и докторските дисертации.
Во учебната 2023-2024 година, Економксиот институт -Скопје подготви неколку апликации за научноистражувачки проекти, од кои добиени се и во тек е нивната реализација на 3 проекти.

1. Дигиталната трансформација од перспектива на човечките ресурси
2. Identifying the causes of long-term uneployment among older women in Serbia and North Macedonia, Visegrad+ Grants (2xV4+2xWB6/EaP)
3. SUSTAIN-ACE: Sustainable Accounting, Economics, Finance and Management Education, Erasmus + Call : 2024 Round 1Action type : Cooperation partnerships in higher education (KA220-HED)

Конкретен пример со кој се согледува поврзаноста на науката и наставата е проектот SUSTAIN-ACE: Sustainable Accounting, Economics, Finance and Management Education. Во истиот се предвидува истражувачкиот тим од Економски институт – Скопје, заедно со партнерите во проектот да развијат (дизајнираат) дигитални модули и интегрирани алатки за учење, како и да се развијат нови курикулуми и курсеви за одржливост и климатски промени во специфично дефинирани области (циркуларна економија и одржлив економски развој). Креираните наставни материјали за микроучење ќе можат да се применуваат како наставни содржини на неколку наставни предмети пред сѐ, сметководство, економија, финансии и менаџмент. На тој начин преку резултатите од реализираниот проект, ќе се овозможи размена на практики и искуства со партнерските универзитети од неколку земји од Европа и ќе се овозможи развој на нови поусовршени студиски програми, кои на последипломците ќе им овозможат збогатување на знаењето и стимулирање на иновативно учење за актуелни теми од областа на одржливоста и климатските промени.
Друг позитивен пример на взаемната поврзаност на науката и наставата, е организацијата на вебинари на кои предавчи на акатуелни теми се последипломците, докторанти или алумни на Економскиот институт. Така, на вебинарот Вебинар на тема „Предизвици и можности за развој на МПС во Република Северна Македонија“ (одржан на 23.11.2022 година), своето истражувачко искуство на актуелните студенти, докторанти и наставно-научниот кадар, го споделија наши алумни – магистри. (линк).
Работилницата на тема „Knowledge Sharing Workshop for Doctoral Research on Various Topics“(одржана на 24 Јуни 2022 година), беше наменета за споделување на знање, искуство и добри истражувачки практики помеѓу докторантите на Економски институт и докторанти од институтот за економски науки од Белград (Institut ekonomskih nauka (IEN). (линк)
Во различни проекти, на различен начин се согледува поврзаноста на науката и наставата. Досегашното искуство потврдува дека во Економски институт постои позитивна практика на испреплетеност на науката и наставата, особено што студентите од втор и трет циклус на студии активно и доброволно се вклучуваат во научно истражувачката работа, а најчесто резултатите и добиените сознанија од спроведените истражување се споделуваат и се инкорпорираат во наставните програми, најчесто како практични примери за разбирање и дополнување на теоретските знаења.
Во прилог 5.8.А. презентирани е листа на добиени и реализирани проекти во Економски институт – Скопје, за периодот 2019-2024 година.

**Прилози**
**Прилог 5.8.** Преглед на реализирани проекти во периодот 2019-2024 година

| | |
|---|---|
| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |

Економскиот институт-Скопје во континуитет ја реализира својата заложба за воведување на иновации во наставата поддржани со нови технологии, а на оваа цел останува посветен и во Програмата за работа на Институтот за периодот 2022-2025 година (линк). Оваа своја цел ја остварува преку набавка на информатичка опрема и реализација на континуирани обуки и тренинзи на вработените во насока на унапредување на постојните и воведување на нови методи на настава и комуникација со студентите.
Целисходноста на оваа заложба особено дојде до израз за време на Ковид-19 пандемијата, кога започна користењето на Microsoft teams и Scype, како можности за одржување на онлајн предавања, вежби, консултации и испити. Оваа комуникација со студентите, посебно преку Microsoft teams платформата, во некои сегменти почна се повеќе да се користи и во пост-Ковид периодот (во делот на споделување на презентации, материјали и сл.)
Во рамки на потпишаниот ЕДУ партнерски договор (договор за лиценци за верзија на софтверскиот пакет Pantheon за образовни институции) со Даталаб МК Дооел, се идентификуваа интересите на вработените од Институтот за соработка со компанијата во однос на конкретните пакети на услуги и се утврдија правците за понатамошната заедничка соработка. Освен тоа, се одржаа две работилници за претставување на можностите на Pantheon во поглед на негова примена во научноистражувачката работа, образовната и апликативната дејност на Економскиот институт-Скопје.

**Прилози**
Прилог 5.9.А Извештај на Директорот за работата на Економски институт – Скопје за периодот 27.6.2020-26.6.2021 година, бр.02-704/1 од 2.7.2021(линк)
Прилог 5.9.Б Извештај на Директорот за работата на Економски институ-Скопје за периодот 27.6.2021- 26.6.2022 година, бр.01-730/1 од 04.07.2022 – линк
Прилог 5.9.В Извештај на Директорот за работата на Економски институ-Скопје за периодот јуни 2022-јуни 2023 година - линк
Прилог 5.9.Г Извештај на Директорот за работата на Економски институт – Скопје за периодот 27.6.2023 – 26.6.2024 година, бр. 01-678/1 од 1.7.2024 година –линк

| | |
|---|---|
| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните пет години). |

Економскиот институт-Скопје доследно го почитува Етичкиот кодекс на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ ( линк) и се залага за доследна примена на сите етички правила во наставата и научната работа, при што не прифаќа никаква форма на фалсификат или плагијаторство (член 19 и 20) во научноистражувачката работа и во образовниот процес.

Согласно актите на Универзитетот и Институтот, дисциплинската комисија на Економскиот институт-Скопје спроведува постапки за санкционирање на плагијаторство при поднесувањето на трудови во рамки на наставно образовниот процес, како и на сите активности кои се во спротивност со етичките норми и стандарди во Етичкиот кодекс. Дисциплинската одговорност на студентите е регулирана со Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (членови 36 – 49).

Економскиот институт посебно внимание посветува во делот на магистерските и докторските трудови. Имено, од кандидатите, односно авторите на овие трудови се бара да поднесат соодветна изјава за оригиналност на трудовите, а во спротивно може да се соочат со дисциплинска постапка. Освен тоа, менторите конечните верзии на магистерските и докторските трудови, пред нивната одбрана ги поставуваат на проверка за плагијаторство преку софтверскиот пакет на Министерството за образование и наука. Повратниот Извештај на Министерството во отпечатена форма го предаваат во службата за студентски прашања и тоа се чува во досието на студентот / докторантот.

Во последните три години (2021/2022, 2022/2023 и 2023/2024 година) во Економскиот институт-Скопје беа одбранети 125 магистерски трудови и 14 докторски дисертации. Сите беа подвргнати на проверка за плагијаторство преку софтверскиот пакет на Министерството за образование и наука.Во Прилог 5.10.А се претставени извештаи за 5% од магистерските трудови (5 магистерски труда) и 5% докторските дисертации (1 докторска дисертација), кои беа подвргнати на проверка за плагијаторство.

Етичките норми во делот на плагијаторството еднакво се однесуваат и на трудовите на наставно-научниот кадар. Економскиот институтот не користи софтвер за спречување на плагијатизам, односно за проверка на научните трудови објавени од установата. Сите трудови, посебни публикации (книги, монографии и сл.) и статии се рецензираат од наставен кадар од соодветната област.

**Прилози**
Прилог 5.10. Извештаи за најмалку 5% од магистерските трудови и докторските дисертации поднесени на проверка на плагијаторство

| | |
|---|---|
| 5.11. Установата има политика /документ/акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |

Научно-истражувачката работа во Економски институт се спроведува согласно Статутот на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје и Статутот на Економскиот институт-Скопје и кореспондираат со насоките од Законот за научноистражувачка дејност. Утврдените активности поврзани со научноистражувачката работа на вработените во Институтот се следат на неколку нивоа. Директорот на Економскиот институт-Скопје еднаш годишно подготвува Извештај за работа во кој се претставени сите

активности за претходната година. Извештајот на директорот се разгледува и усвојува на Наставно-научниот совет.
Економскиот институт-Скопје има три Одделенија (за економски науки, за организациски науки и управување - менаџмент и за демографија), кои се основни внатрешни организациски единици на установата. Раководителите на Одделенијата еднаш годишно подготвуваат извештаи за работа, во кои се претставени сите активности на наставниот и соработничкиот кадар во делот на образовниот процес и научноистражувачката работа. Наставниот и соработничкиот кадар има обврска да ги евидентира сите активности во текот на годината. Истовремено, се прават напори научноистражувачките активности да бидат видливи на онлајн платформите (Research gate, Google scholar и др.).
Согласно Правилникот за користење на средвата од интегративните функции на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, за научноистражувачки проекти (линк), воспоставена е редовна пракса секоја година да се доставува по еден предлог проект од Економскиот институт. Согласно предвидените документи за пријава на Конкурсот, се изработува и годишен извештај за реализирани активности во рамки на Научно-истражувачки проект на Економскиот институт-Скопје, со цел да се сумираат и елаборираат активностите во делот на научноистражувачката работа и финансиските аспекти поврзани со проектот. Ова е редовна пракса, која се применуваше и во последните пет години, во однос на проектите финансирани од интегративните средства за финансирање на научноистражувачки проекти на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, Министерството за образование и наука и од други извори. Во прилог 5.8.А направена е листа на реализирани проекти во периодот 2019-2024 година.
Иако не постои пишан акт, секоја година вработените во Економски институт редовно ги следат и подготвуваат апликации за научноистражувачки проекти кои се финансирани од домашни и странски извори. (МОН; Фонд за иновации; ИПАРД; ЕРАЗМУС и други.

Иако научноистражувачката работа во Економскиот институт – Скопје опфаќа изработка на проекти и истражувања кои кореспондираат со локалните, регионалните и националните цели и се во контекст на социоекономскиот развој, сепак не постои систем со кој се следат ефектите од нив и врз основа на кои јасно и недвосмислено може да се вршат соодветни подобрувања.
Позитивна пракса и пример за воспоставен акт за научноистражувачки проекти, како посебен акт на установата во кој е регулирана научно-истражувачката работа претставува Правилникот за критериумите за предлагање, прифаќање и изработка на научно-истражувачки проекти финансирани од страна на Економскиот институт – Скопје, според кој се предвидува, на распишан конкурс, да се пријават и реализираат најмногу 4 научно-истражувачки проекти, во рок од една година. Ваквата пракса беше присутна неколку години и во овие истражувања активно партиципираше наставно-научниот кадар и задолжително беа вклучени последипломци и докторанти, а произлегоа и неколку публикации(научни монографии), научни трудови презентирани на меѓународни конференции и објавени во списанија. Но, согласно недостатокот на средства за финансирање на овие истражувачки проекти, кои ги финансираше Економски институт од сопствени средства, оваа пракса е ставена во мирување).

**Прилози**

Прилог 5.11.А Извештај на Директорот за работата на Економски институт – Скопје за периодот 27.6.2020-26.6.2021 година, бр.02-704/1 од 2.7.2021(линк)

Прилог 5.11.Б Извештај на Директорот за работата на Економски институ-Скопје за периодот 27.6.2021- 26.6.2022 година, бр.01-730/1 од 04.07.2022 - линк

Прилог 5.11.В Извештај на Директорот за работата на Економски институ-Скопје за периодот јуни 2022-јуни 2023 година - линк

Прилог 5.11.Г Извештај на Директорот за работата на Економски институт – Скопје за периодот 27.6.2023 – 26.6.2024 година, бр. 01-678/1 од 1.7.2024 година - линк

Прилог 5.11.Д Годишен извештај за работата на одделението за економски науки на Економски институт - скопје за академска 2022/2023 од Проф. д-р Климентина Попоска, раководител на одделението за економски науки, 09-1202/1 од 27.11.2023 г.

Прилог 5.11.Ѓ Годишен извештај за работата на одделението за демографија , Економски институт - Скопје за академската 2022/2023 година од Проф. д-р Верица Јанеска, раководител на одделението за демографија, арх.бр.09-1183/1 од 21.11.2023 г.

Прилог 5.11.Е Годишен извештај за работата на одделението организациони науки и управување ( менаџмент), Економски институт - Скопје за академска 2022/23 од Проф. д-р Ирина Пиперкова - раководител на одделението за ОНУМ, арх.бр. 09-1203/1од 27.11.2023 г

| | |
|---|---|
| 5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки |

| | |
|---|---|
| работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | |

Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социоекономскиот и културниот контекст. Истата се реализира врз основа на програмата за работа на Економскиот институт – Скопје за периодот 2022-2025 година, а во согласност со стратегиските области и Акциониот план за реализација на истите донесен на ниво на УКИМ за периодот 2024-2029 година. (линк).

Така, во тековната учебна година 2023/2024 година во Економски институт се реализира истражувачки проект насловен „Дигиталната трансформација од перспектива на човечките ресурси", кој е во согласност со Рамката за развој на Република Северна Македонија МКД 2030 (линк), каде еден од четирите проиоритети е дигитализацијата. Исто така Планот за забрзан економски раст 2022-2026 година (Министерство за финансии), како и во приоритетите на подготовката на Националната развојна стратегија како патоказ и визија за Република Северна Македонија во периодот 2024 – 2044 година линк.

Во тековната 2024 година заврши со реализација уште еден проект, Демографските промени во Република Северна Македонија со фокус на Пописот на населението од 2021 година – причини, последици и импликации, и резултатите од истражувањето се публикувани во научна монографијата (линк ). Ова е пример на позитивна практика на истажувачка работа во Економски институт, каде се следи одредена хронологија, се истражуваат, се следат ефектите од примената на дадените препораки согласно подолг временски период. Така, истражувачкиот проект „Демографските промени во Република Северна Македонија со фокус на пописот на населението од 2021 година – причини, последици и импликации" 2023/24 година се надополнува и покажува континуитет во однос на проектот „Демографските промени во Република Македонија во периодот на транзиција" од 2004 година. Во овие истражувачки проекти се согледуваат промените и развојот во еден подолгорочен континуитет, но согласно ист извор на податоци. Проектот и публикацијата од 2004 година ги презентира резултатите од истражувањето на демографските промени согласно податоците од Попис на населението во Република Македонија во 2002 година, додека во истражувачкиот проект во 2023/24 година фокусот е на демографските промени согласно податоците од Попис на населението во Република Северна Македонија во 2021 година.

Посебен позитивен пример за тоа дека научно-истражувачката работа кореспондира и е во согласност со развојните цели е и тоа што Економскиот институт е една од единиците на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, која во 2022 година донесе и усвои Политика за отворен пристап на истражувачки ресурси на Економски институт -Скопје, во согласност со Политиката на отворена наука на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје (линк).

Во последните пет години дел од наставниот кадар на Економскиот институт, на барање на одделни министерства, агенции и други институции во земјата, беа номинирани за членови на работни групи за подготовка на стратешки документи и проекти, или како консултанти за различни актуелни прашања.

**Прилози**

# Стандард 6

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен. | Финансиски план од претходните пет години<br>Финансиски извештаи од претходните пет години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа ) |

Активностите кои ги спроведува Економскиот институт-Скопје се финансираат со средства од Министерството за образование и наука и со сопствени средства. Финансиските потреби за работењето на Економскиот институт-Скопје како и континуирано унапредување на дејностите кои ги извршува значително ги надминуваат буџетските средства. Во таа насока, буџетските средства кои се извојуваат се исклучиво наменски и се однесуваат на платите на вработените и дел од режиските трошоци. Сите останати трошоци поврзани со работењето и развојот на

институтот, вклучително и активностите за учење и настава, се финансираат од сопствени средства.
Со оглед на горенаведеното, институтот континуирано инвестира од сопствени средства за подобрување на активностите за учење и настава во смисла на инвестиции во наставни помагала и инвентар за студенти, збогатување на библиотечен фонд, информатичка мрежа и информатичка технологија, ре/акредитација на студиски програми, овозможување на доволен број на акредитирани ментори и слично. Така, кратко пред извештајниот период Институтот преку реализација на научноистражувачки проект обезбеди поголем број на преносни компјутери за потребите на Институтот односно за реализација на наставната и научноистражувачката дејност.
Финансирањето на научно-истражувачката дејност на институтот е уредено со Одлуката за утврдување на плати и надоместоци на вработените на Економски институт-Скопје. Активностите поврзани со научноистражувачката и апликативната дејност кои се финансираат согласно оваа Одлука опфаќаат учество на научноистражувачки и апликативни проекти, реализирани вештачења и проценки, учество во рецензиони комисии во издавачката дејност (како рецензии на научни книги, монографии, учебници, учебни помагала и сл.), рецензии на трудови публикувани во меѓународното научно списание на Институтот, активности за реализација на специјализации, семинари, симпозиуми, курсеви и програми за стручно и професионално усовршување организирани од институтот. Како за пример, во академската 2023/2024 година, институтот аплицираше и доби 2 меѓународни проекти чија реализација е предвидено да започне во следната академска година.
Во академската 2023/2024 година (септ.2023 заклучно со јуни 2024), институтот генерираше сопствени приходи по различни основи во износ од 3.651.347 денари. Во овој период, директните трошоци за научноистражувачка работа кои се издвоени од сопствените приходи се во висина од 241.798 денари, односно 6,6%. Исто така, важно е да се напомене дека Економскиот институт-Скопје организира и прва меѓународна летна школа по економетрија во тек на август 2024 година (период кој претставува дел од академската 2023/2024 година), за што институтот, согласно предвидените активности и пријавените учесници, одвојува средства во износ од приближно 250.000 денари.

**Прилози**

Прилог 6.1.А Финансиски план и финансиски извештаи од претходните години - линк

Прилог 6.1. Б Одлука за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Економски институт-Скопје - линк

| | |
|---|---|
| 6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |

Техничките ресурси со кои располага Економскиот институт-Скопје се ставени на располагање на сите студиски програми кои се акредитирани на институтот. Со оглед на тоа што главна дејност на Економскиот институт е научноистражувачка и наставна дејност (на втор и трет циклус на студии), институтот располага со оптимален простор за изведување на наставна и научноистражувачка дејност од скоро 500 м2. Во рамките на овој простор, Институтот располага со 2 предавални/училници во вкупна површина од 92м2; 9 кабинети за наставно-научен кадар во вкупна површина од 132м2, библиотека и читална во површина од 24м2, сала за состаноци во површина од 25м2, просторија за студентски прашања во површина од 20м2, 5 работни простории во вкупна површина од 66м2 и помошни простории во површина од 86м2.
За непречено реализирање на наставата на втор и трет циклус на студии, предавалните/училниците се опремени со телевизор, ЛЦД проектор, флип-чарт табла, компјутерска и комуникациска опрема, како и 40 столчиња со маси за пишување и дополнителни 20 столчиња во предавалните. Институтот располага и со следнава информатичка опрема: 31 десктоп компјутери, 45 преносни компјутери, 25 ласерски црно-бели и колор печатачи, 2 ЛЦД проектори, 5 фотокопири, 5 скенери и 2 Wi-Fi рутери.
Економскиот институтот-Скопје во своето 70-годишно постоење континуирано работи на збогатување на библиотечниот фонд со кој располага. Работата на библиотеката во Економски Институт е од затворен тип и нејзини главни корисници се студентите на постдипломските студии, докторантите и вработените во институтот како и истражувачи студенти на постдипломски студии од другите факултети и институти од областа на економските науки, организациските науки и демографија.

До 2019 година, библиотеката на институтот на располагање на студентите им става библиотечниот фонд со 11191 книги, 110 волумени на списанија и периодика и преку 346 научноистражувачки проекти работени во Институтот. Во последните пет години, библиотечниот фонд на Институтот е збогатен со повеќе од 150 дополнителни наслови (изданија на институтот, магистерски и докторски трудови како и други домашни и странски наслови. Библиотеката е опремена со еден компјутер и интернет приклучок. Библиотеката располага и со простор за учење и истражување (читална) во која на располагање на студентите се достапни 4 маси и повеќе од 10 столчиња. Целосното администрирање на функциите на библиотеката се реализира преку инвентарна книга и електронско евидентирање на библиотечниот фонд, со што се овозможува брз пристап на наставно-научниот кадар и студентите до бараната литература.

Во последниве три години, како резултат на пензионирање на соработникот за библиотечно работење и неможноста за пополнување на тоа работно место со ново лице, во библиотеката нема вработен, туку работата ја врши самостојниот референт-администратор.

Економскиот институт-Скопје не располага со задоволително ниво на достапни ресурси за лица со посебни потреби и установата треба да работи на зголемување на ресурсите за лицата со посебни потреби, особено во делот на аудио-визуелни ресурси.

Брзиот развој на информатичката технологија и нејзината широка распространетост овозможува учењето на далечина да биде подостапно. Институтот располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Со оглед на природата на студиските програми (областа и степенот на студии), учењето на далечина е достапно согласно потребите на студентите. За време на Ковид-19 пандемијата учењето на далечина беше доминантно застапено, како брз одговор на новосоздадените услови на работење. Исто така, согласно потребите на студентите кои се запишани на студиските програми на втор циклус на студии, дел од активностите предвидени со програмата (презентација на семинарски трудови и/или проекти, консултации со наставниот кадар и/или предавања) може да се реализираат и онлајн. Учењето на далечина се реализира преку Microsoft Teams платформата, на која имаат претплатен пристап сите вработени на институтот, како единица на УКИМ. За време на пандемијата, преку оваа платформа редовно се одвиваа сите активности како предавања, консултации, споделување на материјали во дигитална форма, проекти, презентации на трудови/проекти, усни испити.

Дополнително, со воведување на електронскиот систем Iknow на ниво на Универзитетот, голем дел од активностите на студентската служба се онлајн, што овозможува студентите на далечина да пријавуваат предмети и испити, да добијат увид во пријавените и положените испити и слично.

Техничките ресурси на институтот континуирано се мониторираат преку годишни пописи на расположливата опрема (инвентар, информатичка и техничка опрема, итн) на крајот од секоја календарска година. Техничките ресурси исто така соодветно се надградуваат според реалните потреби и финансиските капацитети на установата а во согласност со Програмата за работа на Економскиот институт-Скопје како и годишните планови за јавни набавки.

**Прилози**

Прилог 6.2.А Вкупна површина со површина на објектите

Прилог 6.2.Б  Список на опрема и наставни средства за вршење на дејноста

Прилог 6.2.В Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите

Прилог 6.2.Г Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд набавен во последните пет години- Линк

| | |
|---|---|
| 6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/администра-тивните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период). |

Стручно-административната служба во рамки на Економскиот институт-Скопје е организирана во согласност со Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работни места на институтот. Помошно/административната служба на Економски институт-Скопје вклучува 8 лица во редовен работен однос кои

ги извршуваат активностите поврзани со правните, финансиските, општите и техничките работи за непречена реализација на дејноста на институтот, како и сите активности кои се опфатени со студентската служба, библиотечното работење, архивското и финансиското работење.  Во текот на последните години, Економскиот институт-Скопје се соочи со пензиниорање на значителен број на вработени во стручно-административната служба. Со исклучителен напор на раководството, Институтот успеа да ги пополни испразнетите места со нови вработувања, се со цел непречено и квалитетно извршување на сите активности предвидени со дејноста на институтот. Сепак, како резултат на пензионирање на соработникот за библиотечно работење и неможноста за пополнување на тоа работно место со ново лице, во библиотеката нема вработен, туку работата ја врши самостојниот референт-администратор.

Оттука, кадровската екипираност на стручно-административната служба и организацијата на активностите кои ги извршува согласно потребите на институтот (вклучително и студентите на сите циклуси) е соодветна. Исклучок од ова е непополнетото место на Соработник за библиотечно работење, за кое Институтот ќе треба да вложи напори во блиска иднина да добие согласност за негово пополнување.

Стручно-административната служба на Економски институт-Скопје, тековно и непречено ги опслужува студентите согласно нивните барања и потреби. Имено, земајќи го предвид степенот на студии (втор и трет циклус на студии), повеќето од студентите на институтот се во работен однос а некои и престојуваат во странство. Оттука, вработените лица во административната служба се постојано достапни за електронска комуникација со студентите. Голем дел од консултациите студентите ги добиваат и преку телефон, по нивно барање. Како постојна пракса на институтот е дел од активностите (предавања/консултации, испити, презентации, обуки) да се одржуваат во попладневните часови. Кога активности се организираат во попладневните часови, тогаш стручно-административната служба организира и дежурства.

Помошно/административната служба на Економски институт-Скопје вклучува 8 лица во редовен работен однос односно по едно вработено лице на следните позиции: Секретар, Советник за нормативно работење – правни работи, Советник за финансиско, сметководствено и материјално работење, Советник за јавни набавки, Самостоен референт – администратор, Референт за благајна, Самостоен референт – архивар и Хаусмајстор. Од вработените лица во стручно административната служба 7 лица се со високо образование а едно е со средно образование. Листата на вработени во помошно административната служба е дадена во прилог.

Помошниот и административниот кадар ги развива сопствените компетенции на индивидуална основа преку надградба на формалното образование, како и на организирана основа согласно потребите на институтот, особено во доменот на јавните набавки и материјално и сметководствено работење. Имено, Институтот редовно ги следи информациите за обуки организирани од МИОА за административни службеници, и согласно потребите на институтот, административниот кадар посетува дел од тие обуки. Во академската 2023/2024 година, 2 лица од административниот кадар посетуваа обуки, и тоа:

- во доменот на јавни набавки - обука за стекнување на лиценца за вршење на дејност на јавни набавки, и
- во доменот на административно работење -  обука за користење на нов софтвер за спроведување на анкети за самоевалуација на УКИМ

Листата на обуки на вработени во помошно административната служба кои се реализирани во 2023/2024 година е дадена во прилог 6.3.А.

На индивидуална основа, поголемиот дел од вработените во помошно административната служба го продолжуваат своето формално образование првенствено на втор циклус на студии.

**Прилози**

Прилог 6.3.А. Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции

Прилог 6.3.Б Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби

Прилог 6.3.В Образовен, родов и старосен профил на вработени во помошните/административните служби

| | |
|---|---|
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |

Студентите на втор и на трет циклус на студии на Економскиот институт – Скопје спроведуваат самостојна научноистражувачка работа која резултира со изработка на магистерски односно докторски труд, како задолжителен дел од студиската програма. Покрај тоа, институтот, особено во последниве години активно ги вклучува студенти од трет циклус во научноистражувачки проекти кои се финансирани од Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје. Така, во академската 2023/2024 година, Економскиот институт-Скопје реализира научен

проект Дигитална трансформација од аспект на човечките ресурси финансиран од Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје,а во кој беа вклучени двајца студенти од трет циклус на студии, од вкупно пет докторанди на Економскиот институт-Скопје. Листата на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проекти како и соодветниот процент на трет циклус на студии се дадени во Прилог 6.4.А и 6.4.Б, соодветно.
Вклучувањето на студентите од втор циклус на студии во учество на научноистражувачки проекти е занемарливо, особено споредбено со ангажирањето на студентите од трет циклус. Оттука, Институтот треба да работи на зголемување на ангажирањето на студентите од втор циклус на студии конкретно во научноистражувачките проекти. Сепак, значајно е да се напомене дека студентите од втор циклус се активно вклучени во други научноистражувачки активности во последниве години, како учество на конференции и вебинари (во прилог дадени линкови кон настаните) кои се организирани од Економски институт - Скопје. Исто така, студентите од втор и трет циклус на студии имаат можност да ги објавуваат своите научноистражувачки трудови во меѓународното научно списание Економски развој (Economic Development) на институтот.
Процентуалното учество на студентите на трет циклус на студии вклучени во научноистражувачки проекти е релативно солиден (даден во прилог). Сепак, во иднина, институтот треба повеќе да се фокусира и на вклучување на студенти од втор циклус на студии во изработка на научноистражувачки проекти.

Прилози
Прилог 6.4.А Листа на студенти кои биле ангажирани во научно-истражувачки проект на сите циклуси на студии
Прилог 6.4.Б Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти на сите циклуси на студии – трет циклус на студии
Прилог 6.4.В Линк до вебинар организиран од Економски институт-Скопје
Прилог 6.4.Г Линк до конференција организирана од Економски институт – Скопје
Прилог 6.4.Д Линк до меѓународно научно списание на Економски институт - Скопје

| | |
|---|---|
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните пет години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години. |

Со оглед на тоа дека Економскиот институт нуди само втор и трет циклус на студии, а студентите кои студираат на овие циклуси на образование се веќе во работен однос, институт не вработува советник за академски развој. Имено, иако институтот има основан Центар за кариера, сепак доминантно ги користи услугите на Центарот за кариера на Универзитетот, особено од аспект на организирање на „Отворени денови на УКИМ“. Институтот активно учествува во вакви настани организирани од Универзитетот, а во прилог е даден линк кон последниот настан на кој учествуваше и Економски институт. Во делот на промотивните настани на Економскиот институт, активностите (на пр. споделување на информации за студиски програми на институтот) првенствено се спроведуваат преку веб страната и социјалните мрежи на институтот, но овој тип на активности иако континуирано се спроведуваат не се организираат преку Центарот за кариера. Во рамки на Центарот на кариера е основан и Одбор за евиденција и соработка со дипломираните студенти на Институтот (Алумни).

**Прилози**
Прилог 6.5.А Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата
Прилог 6.5.Б Отворен ден на УКИМ и Ден за кариерен развој, 12.4.2024 - линк
Прилог 6.5.В Законот за високо образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018) - линк
Прилог 6.5.Г Статутот на Економски институт-Скопје - линк

| | |
|---|---|
| 6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години;<br>Доказ дека системот е функционален. |

Во согласност со одредбите на Законот за високо образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018) и Статутот на Економски институт-Скопје (Универзитетски гласник бр. 447/2019), а со цел остварување на континуитет во соработката со дипломираните студенти на втор и трет циклус на студии, Институтот основа Одбор за евиденција и соработка со дипломираните студенти на Институтот (Алумни). Одборот за евиденција и соработка со дипломираните студенти на Институтот (Алумни) има основна цел да ги продолжи контактите и да воспостави

соработка со студентите што завршиле студии во Институтот. Сепак, целокупната досегашна соработка со магистрираните и докторираните студенти на Економски институт не се вршеше преку овој Одбор.
Евиденцијата за сите завршени студенти на втор и трет циклус на студии се води користејќи информации од Iknow системот. Соработката со алумнито на институтот се реализира доминантно преку евиденцијата од Iknow системот и преку менторите на магистрираните односно докторираните студенти. Како резултат на потесната соработка за време на студирањето помеѓу наставниот кадар (особено менторите) и студентите на втор и трет циклус на студии, Економскиот институт ги продолжува контактите и соработката со магистрираните и докторираните студенти, но доминантно на неформален начин односно истите не се организирани преку Одборот за евиденција и соработка со дипломираните студенти на Институтот. Оттука, институтот треба да работи на воспоставување на електронски систем за регистрирање на членовите на алумни заедницата, со што ќе се овозможи посеопфатен пристап во реализација на заеднички активности и ќе резултира со воспоставена мрежа со конкретен број на алумни членови.
Дел од целите на Одборот за евиденција и соработка со дипломираните студенти на Институтот (Алумни) се и активно вклучување на алумни заедницата во активностите на институтот со што би се овозможило нивно вмрежување за реализација на развојни цели на установата. Комуникацијата и соработката со магистрираните и докторираните студенти е интегрален дел од организациската култура на установата што дополнително отвара потреба од формализирање на оваа соработка.
Економскиот институт-Скопје треба да иницира поактивен ангажман на Одборот за евиденција и соработка со дипломираните студенти на Институтот (Алумни), односно канализирање на активностите кои институтот ги организира со својата мрежа на магистрирани и докторирани студенти преку Одборот. Во досегашниот период активностите кои се реализираа беа организирани преку институтот а не преку Одборот за евиденција и соработка со дипломираните студенти на Институтот (Алумни).
Во претходните години, Економскиот институтот реализираше низа настани на кои учество земаа и дел од алумнито на институтот. Како добар пример значајно е да се потенцира дека на јубилејната прослава по повод одбележувањето на 70 годишното постоење на институтот, на првиот магистриран студент на втор циклус на студии на Економскиот институт-Скопје му беше доделена Плакета. Исто така, институтот реализираше и посебна промоција на најдобрите студенти кои магистрирале во последните 5 години на сите студиски програми на која им беше доделен бесплатен пристап до деловниот софтвер Pantheon ERP како и пофалница на Економскиот институт.
Неколку магистрирани студенти земаа и активно учество во организација на вебинари реализирани од страна на институтот, и тоа како предавачи на вебинарот Предизвици и можности за развој на МСП во РСМ. Вебинарот беше организиран од Економскиот институт-Скопје на 23.11.2022 година, како дел од јубилејната програма на институтот за одбележување на неговото 70 годишно постоење. Исто така, како добар пример се издвојува дека во текот на 2022 година, Економскиот институт-Скопје организираше и две конференции (едната самостојно организирана а другата во соработка со Институтот за економски науки од Белград) на кои активно учество со свои трудови и/или со заеднички трудови со наставно-научниот кадар на Институтот земаа и членови на алумни.

**Прилози**
Прилог 6.6.А Приказ на системот за соработка со Алумни-заедницата
Прилог 6.6.Б Линк до реализиран вебинар со алумни

| | |
|---|---|
| 6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните пет години. |

Економскиот институт - Скопје, како научен институт во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, а во согласност со Законот за високо образование нема Студентско собрание а со тоа ниту студентски правобранител на ниво на единица. Оттука, правата и интересите на студентите од втор и трет циклус на студии на Економски институт – Скопје ги застапува Универзитетскиот правобранител на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје. Помеѓу студентите на втор и трет циклус на студии на Економскиот институт –Скопје не постои изразен интерес за учество во општествени, културни и спортски активности на ниво на единица. Како резултат на тоа, институтот не одвојува средства за организирање на ваков вид на настани. Сепак, институтот редовно ги споделува информациите за одржување на вакви настани кои се организирани од страна на Универзитет и на кои и студентите на Економски институт – Скопје може да учествуваат.

| |
|---|
| **Прилози**<br>Прилог 6.7.А Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студентите од страна на установата<br>Прилог 6.7.Б Законот за високо образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018) - линк |

| | |
|---|---|
| 6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна. |

| |
|---|
| Студентите се запознаваат со услугите кои им стојат на располагање на повеќе начини. Најкористен начин на пристап до информации е преку веб страната на институтот каде студентите можат да ги најдат скоро сите информации кои се однесуваат на студиските програми, распореди на предавања и испити, информации за активности и настани кои се организирани, информации за студентска мобилност, публикации како и организирани меѓународни соработки, конференции, вебинари и слично. Студентите исто така активно ги користат и социјалните мрежи (фејсбук, инстаграм) за добивање на информации за настани кои се организираат на институтот. Дополнително, Економскиот институт редовно организира Отворени денови кога студентите можат да добијат информации од различен карактер, а учествува и во Кариерните денови организирани од Универзитетот.<br>На институтот може да се добијат и печатени промотивни материјали кои се однесуваат на студиските програми, структурата на програмите, професорите и слично. |
| **Прилози**<br>Прилог 6.8 Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои им стојат на располагање - Линк до веб страната на институтот |

## Стандард 7

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 7.1. Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации<br>Акт за регулирање (доколку е применливо)<br>Доказ дека системот е функционален. |

| |
|---|
| Економскиот институт-Скопје врши прибирање и анализа на најголем дел од информации релевантни за реализација на студиските програми и активностите поврзани со студентите користејќи го компјутерскиот систем iKnow. Системот е развиен од страна на Универзитетот Св. Кирил и Методиј со единствена цел електронско прибирање, водење и користење на сите потребни податоци релевантни за студентите и студиските програми. Институтот како единица на УКИМ го користи овој систем, кој овозможува електронско прибирање, следење и анализа на податоци кои се однесуваат на број на запишани студенти, реализирани семестри, слушани и положени испити, постигнат успех на студентот, како и магистрирани студенти. Дополнително, во однос на бројот на запишани и дипломирани студенти се водат и матични книги за запишани и дипломирани студенти на двата циклуси посебно. iKnow системот овозможува пристап на сите чинители во образовниот процес (наставен кадар, стручно-административен кадар и студенти), кои согласно дадените привилегии во системот можат да ги следат сите достапни податоци.<br>На ниво на Универзитет развиен е и систем за прибирање и анализа на информации кои се однесуваат на научноистражувачката работа на наставно-научниот кадар на единиците на УКИМ. Економскиот институт-Скопје, како единица на УКИМ редовно ја користи Ризницата на научни трудови на УКИМ, репозиториум на научни трудови и публикации кој е јавно достапен. Научните трудови (публикации, апстракти, научни трудови, монографии, поглавја од книги, учебници и сл.) објавени од страна на наставно-научниот кадар на институтот се јавно достапни на Ризницата на научни трудови на УКИМ.<br>Користејќи ги горенаведените електронски платформи, институтот на редовна основа собира и анализира податоци релевантни за сите активности на наставната и научната дејност на институтот. (Прилог 7.1.А) Анализата на овие податоци е појдовна точка во креирање на развојните цели и унапредување на квалитетот на активностите кои ги реализира институтот |

**Прилози**
Прилог 7.1.А Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци
Прилог 7.1.Б Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации
- Линк до iKnow
- Линк до Репозиториум

| | |
|---|---|
| 7.2. Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн. Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци;<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот;<br>Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во процесот. |

Економскиот институт-Скопје редовно прибира и анализира податоци кои се релевантни за дејностите кои ги обавува. Податоците кои редовно се прибираат се однесуваат претежно на студентската популација (профил на студенти) и студиските програми (број на запишани и завршени студенти, напредок на студентите, пријавени изборни предмети, постигнатиот успех, итн).
Исто така, на годишно ниво преку одделенијата на институтот се прибираат и анализираат и податоци за активностите (наставни, научни, стручно-апликативни) на наставно-научниот кадар. На годишно ниво, се прибираат и податоци за ресурсите за учење, инвентарот и опремата која е дел од наставните и научните активности, библиотечниот фонд, податоци за соработка на установата со домашни и странски институции, склучени соработки, одржани настани, активности и слично. (Прилог 7.1.А)
Студентите се активно вклучени во прибирање на информации за квалитетот на наставата. Имено, анкетата за самоевалуација се спроведува за секој семестар и преку истата се прибираат информации кои се однесуваат на материјалите за учење, очекувањата и тежината на материјалот, квалитетот на наставата, достапноста на наставниот кадар и комуникацијата со кадарот. Резултатите од самоевалуацијата претставуваат индикатор за повеќе аспекти релевантни за студиските програми и нивниот квалитет. Исто така, тие се и индикатор кој е вклучен во рефератот за избор на наставно-научниот кадар и се доставуваат на годишно ниво до секој од наставниците. Резултатите од самоевалуацијата за извештајниот период се дел и од овој извештај.
И наставно-научниот кадар е активно вклучен во прибирање на информации. На годишно ниво, преку одделенијата се прибираат податоци за наставната, научноистражувачката и апликативната дејност на секој од наставниците, а анализата на собраните податоци е интегрирана во годишниот извештај на работата на институтот.
Добиените информации се користат за планирање на тековни и идни активности со цел подобрување на наставата и нааставните методи, подобрување на условите за студирање, вмрежување со странски партнери, подобрување на меѓународната соработка и слично.

**Прилози**
Прилог 7.1.А Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци

| | |
|---|---|
| 7.3. Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за значајни настани, активности и процеси. |

Економскиот институт-Скопје редовно информира за претстојни и реализирани настани кои се од важност за дејноста која ја обавува користејќи ја својата вебстрана и социјалните медиуми. Економскиот институт-Скопје не води формален регистар за значајни настани, туку сите информации поврзани со значајни настани и активности (како на пр., одржување на конференции/работилници, нови изданија на Економскиот институт-Скопје, најави за склучени соработки со домашни и меѓународни институции, објавување и презентација на резултати и наоди од истражувања и проекти, меѓународна мобилност на студенти и наставен кадар и сл.) навремено ги објавува на својата вебстрана и на социјалните медиуми. Покрај информациите достапни на веб страната, сите релевантни

| | |
|---|---|
| настани и активности се вклучени и образложени и во Годишниот извештај за работата на институтот кој е достапен на веб страната.<br>Податоците се собираат, анализираат и се користат за потребите на стратешкиот менаџмент на Институтот односно анализираните податоци и информации редовно се разгледуваат и дискутираат на ниво на Научен Совет и Институтска управа во насока на преземање на идни чекори за подобрување на услугите и квалитетот на активностите кои се реализираат на институтот. | |
| **Прилози**<br>Прилог 7.3.А Регистар на значајни настани, акивности и процеси<br>Прилог 7.3.Б Линк до настани, активности и процеси | |
| 7.4. Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата;<br>Опис на практиката за заштита на личните податоци;<br>Други релевантни документи или политики на установата. |
| Економскиот институт-Скопје врши прибирање и обработка на лични податоци со цел реализација на дејноста која ја извршува. Прибирањето и обработката на личните податоци, особено личните податоци на студентите, се врши во согласност со одредбите на Законот за заштита на лични податоци, применувајќи соодветни технички и организациски методи за безбедност на податоците. Во однос на личните податоци кои се собираат во хартиена форма, институтот спроведува соодветни мерки за нивна заштита односно установата ги чува и обработува личните податоци во согласност со усвоениот Правилник за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци на Економски институт – Скопје како и Планот за создавање на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци на Економски институт – Скопје. Во однос на електронски прибраните податоци, преку iKnow системот, поддршката, одржувањето и заштитата на податоците на системот е централизирано односно управувано од страна на Универзитетот.<br>Економскиот институт – Скопје со цел соодветна заштита на личните податоци, а во согласност со одредбите на Законот за заштита на личните податоци (Сл. Весник на РМ бр. 7/05, 103/08, 124/10, 135/11, 43/14 и 153/15) и Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци (Сл. Весник на РМ бр. 39/08, 128/10 и 158/10) има усвоено дополнителни акти - Правилник за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци на Економски институт – Скопје и Планот за создавање на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци на Економски институт – Скопје, со кои се уредуваат мерки за заштита на личните податоци | |
| **Прилози**<br>**Прилог 7.4.А** Информација за значајни настани, активности и процеси<br>- Линк до настани<br>- Годишни извештаи за работа на Економски институт - Линк<br>Припог 7.4.Б Правилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци на Економски институт – Скопје, арх.бр.02-180/1 од 27.01.2014<br>Прилог 7.4.В План за создавање на техничките и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци на Економски институт – Скопје, арх.бр.02-181/1 од 27.01.2014 | |

# Стандард 8

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери. |

| | |
|---|---|
| достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се користи за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | |

Економски институт-Скопје редовно објавува податоци за своите актвности и за студиските програми на институтската веб старана и другите медиуми (печатени, социјални медиуми). Институтот редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски прорами. Информациите кои се однесуваат на активностите на Институтот се корисни за потенцијалните и тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавоста. Дополнително, редовно се спроведуваат одредени активности поврзани со промоција на Институтот. Во истите учествуваат административниот и наставниот кадар. Во однос на присуството на социјалните медиуми формиран е тим кој одговорен за објавите на информациите на истите.

Точноста на информации континуирано се обезбедува преку соработка на различни тела. Заменик директорот за настава и финансии и Директорот преку активна партиципација и непосредна соработка со раководителите на одделенијата и раководителите на студиските програми, водат грижа за онлајн присуството на Економскиот институт-Скопје.

Редовните промотивни настани кои се одржуваат неколку пати во текот на годината обезбедуваат простор за дополнителни дискусии и потенцијални комуникации во однос на целосниот образовен процес и потенцијалните вработувања. Економскиот институт-Скопје на редовна основа ги реализира следниве промотивни активности:

1. Промотивна кампања на социјални мрежи: Промотивната кампања на Фејсбук и Инстаграм се одвива во текот на целата година, со тоа што бројот на објави се интензивира во септември-октомври (при објавување на Конкурсот на УКИМ за упис на втор и трет циклус студии). Притоа, во објавите на Фејсбук и на Инстаграм се поставуваат постови преку кои се реализира претставување на Институтот и информации за престојните уписи, како и постови во кои се преставува секоја студиска програма од втор и трет циклус на студии на Економскиот институт-Скопје.
2. Организација и реализирање на промотивени настани „Отворени денови на УКИМ" и „Ден на кариерен развој". Институтот учествуваше на промотивниот настан „ОТВОРЕН ДЕН" на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј" во Скопје, на кој од страна на претставници на Институтот беа презентирани студиските програми, активностите на студентите и Центрот за кариера, можностите за стипендирање, за вклученост на студентите во научноистражувачките проекти, за меѓународна размена, за студентскиот живот, за практикантството, за кариерните можности. Исто така, на 9 мај 2023 година Економскиот институт-Скопје, заедно со другите Институти-единици на УКИМ, учествуваше на настанот „Ден на кариерен развој" во организација на Центарот за кариера при УКИМ, со цел промовирање на студиските програми од втор циклус на студии на заинтересираните студенти кои завршиле или се пред крај на студиите од прв циклус.
3. Во академската 2023/2024 година, на 6 ноември 2023 година се одржа првиот академски час за новозапишаните студенти на втор цилус на студии. На настанот се обратија Ректорот на Универзитетот, Директорот и раководителите на студиските програми.

Прилози

Прилог 8.1.А Преглед на објавени информации за дејноста на установата во медиумите

Прилог 8.1.Б Линк до секцијата за образование на веб страната на Институтот со информации за стари студиски програми од втор циклус

Прилог 8.1.Б Линк до секцијата за образование на вебстраната на Институтот со информации за нови студиски програми од втор циклус

Прилог 8.1.В Линк до секцијата за образование на веб страната на Институтот со информации за студиски програми од трет циклус

Прилог 8.1.Г Линк до Фејсбук профилот на Економски институт-Скопје

Прилог 8.1.Д Линк до Инстаграм профилот на Економски институт-Скопје

Прилог 8.1.Ѓ Линк до активности/настани на Институтот

| | |
|---|---|
| 8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните | Линк до наведените елементи во индикатори;<br>Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на |

| | |
|---|---|
| студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс. |

Економскиот институт-Скопје ги има објавено сите релеватни информации за студиските програми, критериумите за упис, целите на учењето, квалификациите со кои се стекнуваат кандидатите, пристапот во однос на наставниот процес за втор и трет циклус на студии. За веродостојно презентирање и верификување на активностите и заложбите на Економскиот институт-Скопје за информирање на јавноста, достапни се следниве информации.

- Информации за студиските програми кои ги реализира Институтот може да се најдат на веб страната на Институтот, во секцијата за образование, во делот втор циклус студии, каде се поставени информации за стари и нови студиски програми од втор циклус, како и во делот трет цилкус студии каде се поставени информации за студиските програми од трет циклус
- Критериуми за упис на втор циклус на студии може да се најдат на веб страната на Институтот, во секцијата за образование, во делот за втор циклус-нови студиски програми, и тоа во сегментот соопштениија во рамки на кои има секција за активни уписи каде се наведени сите детали во однос на уписите, како што се роковите и критетириумите за упис. Информациите за уписи на трет циклус на студии, вклучувајќи ги и сите детали во однос на уписите, како што се роковите и критетириумите за упис, може да се најдат на најдат на веб станата на Институтот, во секцијата за образование, во делот за трет циклус на студии, каде се објавуваат активните конкурси за уписи на трет цуклус на студии.

Цели на учењето за програмите од втор циклус на студии може да се најдат на веб страната на Институтот, во секцијата за образование, во делот за втор циклус-стари студиски програми, во сегментот студиски програми, каде за секоја студиска програма одделно се претставени целите на учењето. За новите студиски програми од втор циклус на студии, информации за цели на учењето може да се најдат во секцијата за образование, во делот за втор циклус-нови студиски програми, и тоа во сегментот студиски програми, каде за секоја студиска програма одделно се објавуваат елаборатите за нивна повторна акредитација. Информации за целите на студиските програми од трет циклус студии може да се најдат во секцијата за образование, во делот за трет циклус на студии, каде се објавуваат елаборатите за нивна повторна акредитација.

**Прилози**

Прилог 8.2.А Линк до секцијата за образование на веб страната на Институтот со информации за стари студиски програми од втор циклус

Прилог 8.2.Б Линк до секцијата за образование на веб страната на Институтот со информации за нови студиски програми од втор циклус

Прилог 8.2.В Линк до секцијата за образование на веб страната на Институтот со информации за студиски програми од трет циклус

Прилог 8.2.Г Статут на УКИМ и ЕИС и други акти со кои се уредуваат внатрешните односи; Акт за систематизација; Деловодник за работа на научниот совет; Одлука (Правилник) за плати и надоместоци на ЕИС; Завршна сметка; Акти кои ги носи ЕИС согласно други закони (пристап до информации); - линк

Прилог 8.2.Д Етички кодекс - линк

| | |
|---|---|
| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). |

Економскиот институт-Скопје редовно ги објавува закажаните одбрани на доктроските дисертации и одбраните на магистерските трудови, а вообичаено ги објавува и одобрените теми за изработка на докторски трудови како и докторските дисертации. Дополнително, во рамки на Годишните извештаи на Директорот за работата на Економскиот институт-Скопје, во делот посветен на наставно-образовната дејност редовно се известува за реализираните активности во втор и трет циклус на студии, како и за одбраните на магистерските трудови и докторски дисертации, а исто така, во делот посветен на научно-истражувачка и стручно апликативна дејности се известува за сите реализирани научно-истражувачки активности. Во рамки на јубилејните монографски изданија на Институтот се објавиваат насловите на одбранетите магитерски и докторски трудови. Истовремено магистерските трудови и докторските дисертации се достапни во физичка форма во бибилиотеката на Економскиот институт-Скопје. Докторските дисертации во електонска верзија се достапни на институтската веб страна најмалку 15 дена пред јавната одбрана, додека одбранетите докторски дисертации трајно се достапни во репозиториумот

на УКИМ. Прифатените теми за изработка на магистерски и докторски трудови се објавуваат во Билтенот на УКИМ. Дополнително, на веб страната на Институтот во секцијата за образование, во делот за трет циклус на студии, поставен е преглед на одобрените теми за изработка на докторски трудови во Економски институт-Скопје. Исто така, треба да се нагласи дека за магистерските трудови и докторските дисертации 7 дена пред закажувањето се прави објавата и на огласната табла на Институтот.

Прилози

Прилог 8.3.А Одобрени магистерски трудови на Економски институт-Скопје – линк

Прилог 8.3.Б Преглед на одобрени теми за изработка на докторски трудови на Економски институт-Скопје – линк

Прилог 8.3.В Закажани одбрани на докторски дисертации на Економски институт-Скопје - линк

Прилог 8.3.Г Линк до Монографија „70 години Економски институт-Скопје"

Прилог 8.3.Д Линк до библиотечниот фонд на Економски институт-Скопје во кој се попишани сите одбранети и достапни магистерски и докторски трудови

## Стандард 9

| СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 9.1. Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена. | Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните пет години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните пет академски години, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери). |

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

Економскиот институт-Скопје има дефинирани и утврдени процедури за мобилност на студенти кои се објавени и достапни на неговата веб страна. Студентите на Институтот имаат можност да реализираат мобилност во рамки на потпишаните договори за меѓународна соработка на Институтот, како и во рамки на програмата Еразмус+. Конкурсите од програмата Еразмус+ редовно се објавуваат на веб страната на Институтот. Заменик директорот за меѓународна соработка и Координаторот за Еразмуз+, во анализираниот период обезбедуваа логистичка поддршка и информации во однос на можностите за пријавување за добивање на стипендија за студентска мобилност.

Во однос на процентуалното учество на мобилност на студентите од втор циклус на студии, и покрај редовното објавување на Конкурсите за студентска мобилност во рамки на Еразмус+ програмата, за жал, во извештајниот период ниту еден студент на Економскиот институт-Скопје нема поднесено пријава за добивање на стипендија за Еразмус+ студентска мобилност. Нискиот интерес за остварување на студентска мобилност делумно се должи на фактот дека најголем број од студентите се во работен однос, а делумно и поради тоа што Институтот нуди студиски програми од втор и од трет циклус на студии кои траат по 2 или 4 семестри, па студентите имаат на располагање релативно кус временски период да ги завршат предвидентите активност, особено студентите на студиските програми кои траат 2 семестри. Секако, во идниот период има простор да се направат напори за зголемување на интересот за мобилност на студентите.

Имајќи го предвид начинот на прибирање на податоци кој произлегува од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии-докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во Универзитетски гласник бр. 530 од 31 декември 2020 година, член 32, евиденцијата во матичната книга на Економскиот институт во Скопје се води од 2020/21 година, и според неа бројот на запишани студенти за трет циклус во 2020/21 е 0, во 2021/22 е 3 студенти, во 2022/23 е 2, додека во 2023/24 е запишан 1 студент.

Во однос на мобилноста на студентите од трет циклус, според Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии-докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во Универзитетски гласник бр. 530 од 31 декември 2020 година, член 41, студентите остваруваат задолжителна меѓународна мобилност, под која се подразбира најмалку еднонеделен престој на студентот на

универзитет или научна установа во странство во текот на докторските студии, што се потврдува со писмо, потврда или друг вид доказ за престој и реализирани активности, издадени од страна на домаќинот.

Студентот од академската 2023/2024, согласно со програмата за докторски студии, меѓународната мобилност ќе ја реализира во IV (четврти) семестар.

Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена, односно за студентите од трет циклус на студии, според Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии-докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во Универзитетски гласник бр. 530 од 31 декември 2020 година, член 41, алинеа 2, реализираната меѓународна мобилност се вреднува со 6 ЕКТС-кредити.

**Прилози**

Прилог 9.1.А Број на студенит кои користеле мобилност на сите циклуси на студии

Прилог 9.1.Б Листа на студени кои користеле мобилниост, прикажани по студиски програми во последните пет години, за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција домаќин, студиска програма), вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус +

Прилог 9.1.В Линк до Еразмус+ конкурсот за студентска мобилност

Прилог 9.1.Г Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - линк

| | |
|---|---|
| 9.2. Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат.<br>Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација во рамките на установата. | Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн). |

Институтот нема развиено сопствена политика за меѓународна соработка и интернационализација. Развојот на меѓународната соработка на Економскиот институт-Скопје се базира на Стратегијата за развој на УКИМ (2019-2023); A new ERA for Research and Innovation-2020 Country Specific Recommendations-Research and Innovation analysis и Towards a 2030 vision on the Future of Universities in Europe. Унапредувањето на меѓународната соработка претставува приоритет во развојот на Институтот, за чија реализација Институтот самостојно вложува напори, но и активно учествува во инцијативи и активности на органите и телата на УКИМ. Активностите кои Институтот ги реализира во доменот на меѓународната соработка и интернационализација, се остваруваат во рамки на Програмата за работа на Економски институт-Скопје за периодот 2022-2025 година, во која се дефинирани основните цели (Прилог 9.2.А), односно:

- Продлабочување и унапредување на формите на соработка со постојните меѓународни партнери со кои Институтот има потпишано договори за соработка.
- Зголемување на бројот на интернационални партнери на Институтот.
- Приклучување на Институтот на повеќе мултилатерални програми за научна и високообразовна соработка.
- Зголемување на надворешната и внатрешната мобилност на наставно-научниот кадар на Инститтот.
- Поголема промоција и запознавање на наставно-научниот кадар на Институтот и неговите студенти со меѓународните можности.

Во наведената Програма не се определени конкретни индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и согласно на тоа, не се изготвуваат извештаи од следење на индикаторите за исполување на приоритетите на меѓународната соработка, сепак за реализација на активностите во доменот на меѓународната соработка и интернационализација, редовно се известува во годишните извештаи на Директорот за работата на Економскиот институт-Скопје (Прилог 9.2.Б, Прилог 9.2.В, .

За вршење на активностите од областа на меѓународната соработка, во согласност со Статутот на Економски институт-Скопје, во Институтот е задолжен Заменик директор за наука и меѓународна соработка (Одлука бр.02-111/3 од 28.02.2023 година).

**Прилози**

Прилог 9.2.А Програма за работа на Економски институт-Скопје за периодот 2022-2025 година - линк

Прилог 9.2.Б Извештај на Директорот за работата на Економски институт – Скопје за периодот 27.6.2020-26.6.2021 година, бр.02-704/1 од 2.7.2021(линк)

Прилог 9.2.В Извештај на Директорот за работата на Економски институ-Скопје за периодот 27.6.2021- 26.6.2022 година, бр.01-730/1 од 04.07.2022 - линк

Прилог 9.2.Г Извештај на Директорот за работата на Економски институ-Скопје за периодот јуни 2022-јуни 2023

| | |
|---|---|
| година - линк<br>Прилог 9.2.Д Извештај на Директорот за работата на Економски институт – Скопје за периодот 27.6.2023 – 26.6.2024 година, бр. 01-678/1 од 1.7.2024 година- линк<br>Прилог 9.2.Ѓ Одлука за назначување на заменик директор за наука и меѓународна соработка бр.02-111/3 од 28.02.2023 година | |
| 9.3. Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните пет години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |
| Финансирањето на меѓународната соработка и интернационализација на Институтот доминантно се врши со средства обезбедени од сопствени приходи. Финансиските средства за меѓународна соработка и интернационализација на Економскиот институт се во непосредна врска со научноистражувачката дејност на Институтот и затоа најголем дел од овие средства е за котизации -учества на меѓународни конференции. Детален приказ на искористени финансиски средства за меѓународна соработка се дадени во Прилог 9.3.А.<br>Институтот за дел од проектните активности кои ги реализира како координатор или како партнер, согласно правилниците на УКИМ, се финансира преку Универзитетот, односно администрирањето и распределувањето на финансиските средства за меѓународните научно-истражувачки проекти се врши централизирано преку Ректоратот на Универзитетот до сите единки па и до Економскиот институт. | |
| **Прилози**<br>Прилог 9.3.А Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка<br>Прилог 9.3.Б Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка за 5 години | |
| 9.4. Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните пет години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните пет години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |
| Мобилноста на вработените и студентите на Економскиот институт-Скопје се остварува во рамки на потпишаните Еразмус+ договори меѓу УКИМ и ЕУ универзитетите. На институтската веб страница редовно се објавува ажурираната листа на важечки билатерални договори. Дополнително, за да овозможи мобилност на своите вработени и студенти Економскиот институт постојано ја проширува својата Еразмус+ мрежа со склучување на нови ERASMUS+ договори, како и на други договори за меѓународна соработка.<br>Покрај тоа, Институтот прави континуирани напори и иницијативи за соработка со други институции во земјава и во странство, со цел на своите вработени и студенти да им отвори можности за вклучување во меѓународни активности и вмрежување.<br>Во академската 2023/24 година остварена е работна средба со директорот на Leibniz-Institut für Ost-und Südosteuropaforschung (IOS) од Regensburg, Germany, Prof. Dr. Ulf Brunnbauer. Во истата академска година потпишан е меморандум  со Обединети нации за користење лиценца на податоците од Local Online Service Index, методологија на истражување за оценување на веб страниците на општините/градовите, Division for Public Institutions and Digital Government, UN Department of Economic and Social Affairs.<br>Во учебната 2023/24 година вработените од Економскиот институт учествувале и во други форми на меѓународна соработка (конференции, мобилност и други соработки). Бројот на наставниот кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка е даден во Прилог 9.4.А. | |
| **Прилози**<br>9.4.А Број на наставен кадар кој учествувал во формата на меѓународна соработка, наставници и студенти од странство<br>9.4.Б Листа на наставници од странство<br>9.4.В Листа на договори за меѓународна соработка во периодот 2019-2024<br>9.4.Б Број и листа на наставен кадар  кој учествувал во формите на  меѓународна соработка во последните 5 години | |
| 9.5. Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, |

| | |
|---|---|
| странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите пет години. |
| Институтот нема востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство.<br>Странски професори не се ангажирани како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови. Сепак, во рамки на своите меѓународни активности, Институтот настојавува секогаш кога е можно на магистрантите и докторантите да им овозможи соработката со странски професори. Така на пример проф. д-р Мустафа Озер, редовен професор на Универзитетот Анадолу-Турција, FEAS Оддел за Економетрија (види Стандард 2), беше достапен за консултации при подготовката на предлог-докторски проект за изработка на докторскиот труд под наслов: „Влијанието на дигитализацијата врз претрпиемништвото во земјите од Европската Унија и во Република Северна Македонија", одобрена за изработка на 94. седница на Научниот совет на Економскиот институт, на 30.9.2024 година. | |
| **Прилози** | |

## 3. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

| ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ |
|---|
| Во овој дел може да се доставaт дополнителни информации релевантни за квалитетот на високото образование. Овој дел не треба да биде подолг од 3 страници. |
| |
| |

**Пример 1**

## Изјава

Под полна материјална и кривична одговорност јас, ___________________________со ЕМБГ ___________________________, одговорно лице во високообразовната установа_________________ изјавувам дека сите податоци прикажани во Извештајот од самоевалуација на високобразовната установа ___________________________ за периодот ___________________________ се точни и вистинити.

ИЗЈАВИЛ,

___________________________

(име и презиме)

___________________________

(своерачен потпис)

**Пример 2**

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности.</td><td>Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет.</td></tr>
<tr><td colspan="2"><u>Овој дел го пополнува високообразовната установа</u><br><br><u>Пример на одговор:</u> Установата еднаш годишно спроведува евалуација (360 степени) во кои се опфатени наставниот кадар, студентските служби и управата. Евалуацијата се спроведува во форма на анкета во електронска форма во декември (за предметите од зимскиот семестар) и април (за предметите од летниот семестар), најчесто во 11 недела на наставата). Просечното задоволство на студентите од наставниот кадар во учебната 2021/22 година изнесуваше 80%. Прашалникот за евалуација опфаќа 30 прашања кои ги подготвува Комисијата за евалуација на установата. Годишниот календар за активности поврзани со евалуација беше усвоен на седницата на Наставно – научниот совет одржана на 21.9.2021 година.</td></tr>
<tr><td colspan="2"><u>Пример за прилози</u><br><u>Прилог 1.2. А. Прашалник од евалуација</u> (се вметнува линк до документот поврзан со прашалникот. Документот треба да е зачуван во фолдерот со сите останати документи).<br><u>Прилог 1.2..Б. Годишен календар на активности за 2020/21 година</u> (се вметнува линк до документот поврзан со годишниот календар на активности  Документот треба да е зачуван во фолдерот со сите останати документи)<br>И др.</td></tr>
</table>

Прилог 2 - Преглед на потребна документација за утврдување на исполнетоста на стандардите[5] и индикаторите[6] за квалитет во високото образование[7]

## Стандард 1

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет;<br>Линк до објава на веб страна. |
| Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет. |
| Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. |
| Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |
| Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата. | Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите;<br>Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |
| Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[8] | Извештај од надворешна евалуација од претходниот период;<br>Акциски план;<br>Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |

---

[5] Во стандардите 2 ,3, 5 и 6 се оценува исполнетоста на индикаторите за секоја студиска програма акредитирана на високообразовната установа.
6 За сите индикатори се прикажуваат информации, акти и други релевантни информации за последните пет години.
7 По потреба, покрај доставената документација, исполнетоста на наведените индикатори се проверува за време на посетата на високообразовната установа.
8 Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата.

## Стандард 2

| СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо). | Акт во кој е регулирано прашањето; |
| Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии. | Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |
| Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки. |
| Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми; |
| Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |
| Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните пет години за сите студиски програми. |
| Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб страна каде се објавени наведените информации.[9] |

9 Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

| | |
|---|---|
| Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните пет години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |
| Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните пет години. |

## Стандард 3

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа;<br>Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата;<br>Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |
| Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми;<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |
| Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |
| Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |
| Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |
| Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето; |

| | |
|---|---|
| праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |
| Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

## Стандард 4

| СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Линк до веб страна на објавата. |
| Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот;<br>Доказ дека системот е функционален. |
| Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години. |
| По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, уверение и додаток на диплома |

## Стандард 5

| СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[10] | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот | Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>Одлуки за избор во звање;<br>Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на |

10 Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

| | |
|---|---|
| и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | вработеното/ангажираното лице). |
| Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2.т.21.од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |
| Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*[11]*;*<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните пет години;<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години (доколку е применливо);<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |
| Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години).<br>Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна. |
| Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање);<br>Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |
| Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма .<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните пет години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |
| Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на |

11 Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

| | |
|---|---|
| програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |
| Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |
| Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |
| Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните пет години). |
| Установата има политика/документ/ акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научноистражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |
| Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки |

## Стандард 6

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен. | Финансиски план од претходните пет години<br>Финансиски извештаи од претходните пет години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа ) |
| Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лабораттории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |
| Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни |

| | |
|---|---|
| флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени помошните/административните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период). |
| Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |
| Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните пет години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години. |
| Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години;<br>Доказ дека системот е функционален. |
| Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период буџет) за последните пет години. |
| Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна. |

## Стандард 7

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации<br>Акт за регулирање (доколку е применливо)<br>Доказ дека системот е функционален. |
| Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци;<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот;<br>Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во |

| | |
|---|---|
| напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн. Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | процесот. |
| Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за значајни настани, активности и процеси. |
| Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата;<br>Опис на практиката за заштита на личните податоци;<br>Други релевантни документи или политики на установата. |

## Стандард 8

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери. |
| Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | Линк до наведените елементи во индикатори;<br>Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс. |
| Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на | Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). |

| | |
|---|---|
| високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | |

## Стандард 9

| СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена. | Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните пет години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните пет академски години, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери). |
| Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат.<br>Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација во рамките на установата. | Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн). |
| Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните пет години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |
| Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните пет години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните пет години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |
| Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиска програма за сите циклуси на студии во изминатите пет години. |